ROMA INTEGRATION
Regional Cooperation Council

# АНАЛИЗА НА ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ КОН ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Наслов: Анализа на главните политики насочени кон интеграција на Ромите во Република Северна Македонија

Издавач: Совет за регионална соработка Акционен тим за Интеграција на Ромите
Рузвелтова 61, 11000 Белград, Србија

Тел: +381 (11) 4046 891

Факс: +381 (11) 4046 894

Емаил: romaintegration2020@rcc.int

Вебстрана: rcc.int/romaintegration2020/

Автор: Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико

Уредник: Орхан Усеин

Други уредници: Шејла Фидани

Дизајн: Самир Дедиђ

Печати: Куќа штампе, Белград

Број на примероци: 25

ISBN: ISBN-978-86-81358-19-1

Одрекување од одговорност: Ставовите изразени во овој документ ненужно ги отсликуваат ставовите на Советот за регионална соработка или учесниците на истиот, ниту на Европаската Унија и Фондацијата Отворено Општество.

# АНАЛИЗА НА ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ НАСОЧЕНИ КОН ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Септември, 2020

# Содржина

| | |
|---|---|
| Вовед | 5 |
| ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ | 8 |
| Клучни главни документи и мерки | 13 |
| Препораки | 20 |
| ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ДОМУВАЊЕ | 22 |
| Клучни главни документи и мерки | 26 |
| Препораки | 30 |
| ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | 32 |
| Клучни главни документи и мерки | 35 |
| Препораки | 40 |
| ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ЗДРАВСТВО | 43 |
| Клучни главни документи и утврдување на мерките | 47 |
| Препораки | 53 |
| Библиографија | 54 |



# ВОВЕД



Република Северна Македонија доживува длабока социјална, економска и политичка трансформација, во чија основа е зачленување во НАТО и започнувањето на преговорите со ЕУ. Во исто време, напорите за регионална соработка помеѓу земјите од Западен Балкан (ЗБ) наметнуваат нови предизвици и можности за создавање на регионална економска област која треба да обезбеди полесна транзиција на регионот во ЕУ. Иако се очекуваат позитивни придобивки од новите можности за аранжмани за слободна трговија и мобилност на работната сила, повеќето земји, вклучително и Република Северна Македонија, се соочуваат со низа внатрешни прашања како што се селективното владеење на правото, корупцијата и недостатокот на добро владеење.[1]

Што се однесува на интеграција на Ромите, во последниот извештај на ЕУ за напредокот на Република Северна Македонија е наведено дека „спроведувањето на Стратегијата за Роми и акциските планови е бавно и останува уште многу да се направи за вклучување на Ромите во Република Северна Македонија"[2]. Покрај тоа, во заклучоците од втората Национална платформа за интеграција на Ромите, заеднички организирана од Регионалниот Совет за соработка Акционен тим за Роми за интеграција во 2020 година и Кабинетот на Министер без ресор, одговорен за спроведување на Стратегијата за Ромите 2014-2020 година, се истакнува недостатокот на следење, како и потребата за значително подобрување на известувањето и подготовка на Извештај за спроведување на политиките за интеграција на Ромите. Во нив се укажува на **потреба за поголема одговорност и посветеност на министерствата кои се одговорни за спроведувањето, распределување на повеќе средства од државниот буџет за спроведување на акциските планови и таргетирање на ромските прашања во постојните (главни) политики.** Сепак, поради политичките процеси како референдумот за името на државата, претседателските избори, членството во НАТО и пристапувањето во ЕУ, како и парламентарните избори од април 2020 година, спроведувањето на Стратегијата за Ромите беше ставено во втор план.

Меѓутоа, Берлинскиот процес и усвојувањето на **Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамки на процесот на проширување на ЕУ (Познањ Декларација)** претставуваат нов импулс за земјите од Западен Балкан (ЗБ), што го поврзуваат процесот на проширување со интегрирање на Ромите. Поради ова, **интеграцијата на Ромите е повторно на агендата,** при што земјите од ЗБ уште еднаш ја потврдија својата заложба за постигнување на специфични цели во областите на вработување, здравство, домување, образование, но и во делот на уписот во матични книги и недискриминација. Спроведувањето на Декларацијата од Познањ внимателно ќе се следи од ЕУ и ќе претставува интегрален дел од процесот на пристапување на земјите со европски аспирации. Како дел од процесот, за сите земји се изработени конкретни патокази[3] во однос на вработувањето и домувањето, при што индикаторите за постигнувањата треба да се исполнат до интегрирањето на регионот на ЗБ во ЕУ. Претходното искуство со бавното спроведување на стратегиите за Роми во Западен Балкан налага различни пристапи за вакви амбициозни цели.

Тековниот таргетиран пристап кон политиките за интеграција на Ромите придонесува за постојниот наратив дека Ромите се корисници на различни проекти и дека финансиски е инвестирано, но без реални подобрувања на терен, создава лажен впечаток, што пак поттикнува стереотипи и непријателство кон Ромите во некои од државите. Обидите за вклучување на Ромите во постојните стратегии, исто така, покажуваат дека вакквите мерки не доаѓаат до ромските заедници, бидејќи критериумите за учество во мерките не се прилагодени на потребите на Ромите. Во овој поглед, Европската комисија предлага комбинација на таргетирани и главни политики со експлицитно, но не и ексклузивно таргетирање како најдобар пристап за постигнување на поголемо прифаќање и исполнување на целите. Понатаму, во „Препораката на Советот за ефективни мерки за интеграција на Ромите во земјите членки на ЕУ" *се истакнува дека целите може да се постигнат или преку мерки за вклучување во главните политики или преку таргетирани мерки, вклучително и специфични мерки за спречување или надоместување за неповолностите, или преку комбинација од двете, со посветување на посебно внимание на родовата димензија […] или со фокусирање на географските области што се маргинализирани и/или сегрегирани.*[4] **Ваквиот пристап налага учество на Ромите во изработката и следењето на програмите и нивно прилагодување на потребите на заедницата.**

Во овој извештај се претставени главните предизвици во однос на политиките кои влијаат на Ромите во Република Северна Македонија во областа на образованието, домувањето, вработувањето и здравството. Во секој од деловите подолу се анализирани главните политики и секторски регулативи, со посебен фокус на последните и потенцијалните промени во политиките на централно ниво, како и можностите за вклучување на политиките за Ромите во главните секторски политики. Секој дел завршува со збир на препораки, кои креаторите на политики треба да ги земат во предвид при обидите за вклучување на ромските прашања во главните политики. Методологијата за изготвување на оваа анализа се заснова на преглед на постојните документи како што е Програмата на Владата за 2017 - 2020 година, стратешките планови и постојните стратегии за четирите приоритетни области подготвени од страна на соодветните министерства, како и новите реформи кои се неодамна воведени (социјална заштита, политика за труд и образование). Исто така, примарните податоци се собрани преку интервјуа со претставници на министерствата.[5]

1 Институт за европска политика: Нерамниот пат на Западен Балкан кон интеграцијата во ЕУ, стр. 23, 2016. Достапно на: http://bit.ly/2YVN0PW.

2 Европската комисија 2019 година, Извештајот на ЕУ за напредокот на Република Северна Македонија, достапен на: http://bit.ly/38TyOf6.

3 Совет за регионална соработка: Интеграција на Ромите 2020, Патокази 2019-2021, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/38RQK9S.

4 Фондација Секретариадо Гитано (2017). Како да се вклучи инклузијата на Ромите во општите програми, проекти и интервенции, достапно на: http://bit.ly/2PWbsN6.

5 Иако побаравме средба со сите релевантни министерства - Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, само две министерства (за образование и наука и труд и социјална политика) оствариja средби со тимот на истражувачи.

# ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

На образовниот сектор во Република Северна Македонија му е потребна силна и стратешка реформа за подобрување на квалитетот и еднаквоста, за сите млади во земјата да можат да го достигнат својот целосен потенцијал и да ги реализираат своите аспирации. Сепак, и покрај некои подобрувања во последните неколку години, младите граѓани на Република Северна Македонија и понатаму порано го напуштаат образованието, а исходите од учењето се помеѓу најслабите во Европа и Западен Балкан.[6] Владата на Република Северна Македонија на почетокот на својот мандат во 2017 година најави низа големи промени што треба да се направат за да се постигнат значителни подобрувања во образовниот систем, вклучително и намалување на часовите во основното образование, напуштање на наставните програми од Кембриџ, ревидирани и нови учебници, измени и донесување на нови закони за да се подобри состојбата на постојниот слаб образовен систем. Новата Стратегија за образование 2018-2025 беше усвоена од Владата во 2018 година, како клучен документ за подобрување на квалитетот и условите во образованието.

Според Прегледот на конкурентноста на Организацијата за Економска Соработка и Развој (ОЕСР) за 2018, проценката на димензијата за образованието покажува дека Република Северна Македонија постигнува резултат 2,5 заедно со другите земји од ЗБ што значи дека постои цврста стратешка рамка, но истата не е секогаш проследена со соодветно спроведување и процес на следење на јавните политики за да се обезбедат повратни информации и да се направат корекции. Според Меѓународната програма за оценување на учениците (ПИСА)[7], која ја спроведува ОЕСР, две третини од учениците во Северна Македонија на возраст од 15 години имаат слаби резултати (не постигнуваат ниво на функционална писменост) по природни науки, математика, читање, соработка во решавањето на проблеми и финансиска писменост во споредба со нивните врсници од 72 земји и економии. Токму поради ова е важно да се инвестира во основното и средното образование. За жал, во изминатите неколку години е постигнат многу бавен напредок. Сепак, една од најголемите промени во 2019 година беше донесувањето на новиот **Закон за основно образование**. Законот предвидува целосно вклучување на сите ученици со посебни потреби во редовните училишта, при што ќе се трансформираат посебните училишта и посебните паралелки. Со оваа реформа ќе се подобри процесот на вклучување на сите ученици со посебни потреби и попреченост. Со предвидената нова реформа во образованието треба да се зголемат општите познавања и не треба да се занемари квалитетот и мотивацијата на наставниците. Меѓутоа, **според ОЕСР, исто така постојат и големи разлики во образовните исходи помеѓу различните етнички групи.**[8]

Од овие причини започнати се неколку процеси за зголемување на квалитетот на основното образование: подготовка на нов **Закон за основно образование, ревизија на наставните планови за првите три одделенија, како и подготовка на стандарди за постигнувања, за секој циклус на основното образование,** врз основа на исходите од учењето и

6 Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието: Република Северна Македонија, Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието, Издаваштво на ОЕСР, Париз, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/34B9nvs

7 Ibid.

8 Ibid.

компетенциите дефинирани од Европската комисија. Исто така, за да обезбеди поддршка за обуките на наставниците, Бирото за развој на образованието воспостави систем за управување со учењето како поддршка во обезбедување на обука за наставниците и нивниот професионален развој. Покрај тоа, подготвена е и нацрт Годишна програма за професионален развој и напредување на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Со цел да се надмине големата разлика помеѓу вештините стекнати во образовниот процес и потребите на работодавачите, некои од веќе започнатите активности ќе продолжат да се спроведуваат, но се планираат и нови активности. **Министерството за образование и наука продолжува со спроведувањето на програмата - грантови за поддршка на заеднички проекти меѓу стручни училишта и компании во насока на подобрување на практичната обука на учениците и нивните вештини за вработување, со што се зголемува вработливоста на учениците од средното стручно образование.** Пилот-наставните програми за дуално стручно образование ќе се спроведуваат така што ќе им се помогне на компаниите да добијат професионален персонал, имајќи предвид дека учениците ќе се подготвуваат за работа во одредена компанија за време на средното образование.[9]

**Главната цел на реформата во формалното и неформалното образование е зголемување на вработливоста на младите луѓе, особено на жените и ранливите групи (Роми и млади со посебни потреби).** Во следната деценија поголем фокус ќе биде ставен на соработката помеѓу образовниот систем (вклучително и неформалното образование) и деловната заедница. Идејата е да се изгради одржлив систем, пред сѐ за компаниите да определат какви вештини им се потребни на работниците и како да се осигури развојот на тие вештини (преку систем на формално или на неформално образование). Проектот ќе се фокусира на неколку групи: ИТ, лични услуги, земјоделство, прехранбена индустрија, угостителство и туризам. Фокусот на сите овие активности ќе биде на учењето засновано на работа преку реализација на висококвалитетна практична обука, со цел подобра подготовка и поголеми можности за вработување.

Образованието е една од областите во кои Декада на Роми 2005-2015 и Стратегијата за Роми постигнаа значителен напредок. Напредокот во високото образование за Ромите главно се должи на стипендиите од Ромскиот образовен фонд додека напредокот во средното образование главно се должи на стипендиите за Ромите средношколци кои ги доделува Министерството за образование и наука. Покрај тоа, измените и дополнувањата на Законот за средно образование, со кои се воведе задолжително средно образование, исто така, имаа позитивен ефект врз зголемувањето на бројот на ученици во средното образование. Сепак, **учениците Роми во основното образование сѐ уште се соочуваат со социјална стигма, дискриминација и сегрегација и не постои посебна мерка за спречување на вакви случаи во иднина.** Сегрегацијата се заснова на јазикот, културата и наталитетот во одредени места. Квалитетот на образованието во овие училишта е обично послаб, со ограничени ресурси и помалку квалификуван наставен кадар. Државата не вложува напори за систематско решение за да се осигури дека училиштата и наставниците

9 Министерство за финансии, Програма за економски реформи 2019-2021, Структурни реформи, 2019 година.



вложуваат напори да им помогнат на децата да го совладаат наставниот јазик. Постојат училишта познати во јавноста како „Ромски училишта“, и не-Ромите не ги запишуваат своите деца во овие училишта.[10]

Запишувањето во предучилишно образование на децата Роми е сѐ уште на многу ниско ниво: со истражување на избрани ромски населби се утврди дека само 14 проценти од децата Роми на возраст од 3-6 години посетуваат предучилишно образование, наспроти 29 проценти од неромското население кое живее во нивната непосредна околина.[11] Исто така, кај ромските ученици се забележува слаба посетеност на наставата и високи стапки на напуштање на образованието. Постојат повеќе причини за ова: иселување на ромските семејства во земји од Западна Европа, недостаток на лична документација, сегрегација дури и во најраните фази на образованието и недостаток на организиран или јавен превоз до градинките од ромските населби (што најчесто се далеку од образовните институции). Од сите етнички групи во Република Северна Македонија, нивото на неписменост е највисоко кај Ромите: меѓутоа, има одредени знаци на подобрување на запишувањето во училиште и завршувањето кај учениците Роми во основните и средните училишта.

Покрај тоа, **иако реформите во образованието вклучуваат ревизија на сите учебници во основното образование, сепак сé уште постојат дискриминаторски содржини кон учениците Роми.** Последниот случај со ваква содржина беше изнесен пред Министерството за образование и наука во ноември 2019 година. Иако е извршена ревизија во некои делови, **Ромите сѐ уште не се дел од наставните планови, што значи дека другите деца не учат за историјата на Ромите и нивниот идентитет.**

## Тековна состојба и клучни приоритети

### 1. Пристап до образование

- **Повратници**

  Основното образование во Република Северна Македонија е задолжително и претставува уставно загарантирано право според член 44, во кој се предвидува дека образованието е достапно за секого под еднакви услови, задолжително и бесплатно.[12] **Досега нема проценка и официјални податоци за тоа колку семејства со своите деца се вратиле во земјата,** по неуспешното барање азил, и колку деца се реинтегрирани во редовното образование. Вообичаените пракси подразбираат дека тие се запишуваат во училишните регистри како ученици кои мигрирале во странство и од тој момент понатаму нема понатамошен увид во нивниот статус. Многу често вакviот статус не се менува и враќа во претходната состојба откако нивните семејства ќе се вратат во земјата. Иако децата се вратени во државата и живеат во рамките на областа која ја покрива училиштето, ниту општините

10 Џенифер Џеладин и Кристина Дода „Сегрегација на ученици Роми во основните училишта во Република Македонија“, Институт за човекови права и Европски центар за права на Ромите, 2016 година.

11 УНДП и Светска банка, Ромите на прв поглед - Поранешна Југословенска Република Македонија, 2018 година.

12 Устав на Република Македонија, Службен весник 52/1991.

ниту училиштата не водат ажурирани списоци за овие деца. **Во вакви случаи, не се поведуваат постапки за нивна реинтеграција во редовното образование.**[13] Други проблеми што се јавуваат со повратниците се дека додека се обработува нивното барање за азил во земјата на дестинација, децата посетуваат одредена форма на настава и во многу случаи - заради брзата постапка за азил - тие присилно се враќаат дома и во овие случаи децата не можат да го докажат образованието дома, затоа што не им е издадена никаква потврда. Во оваа ситуација, децата не можат да продолжат со образование од онаа точка до каде застанале кога ја напуштиле земјата на дестинација. Наместо тоа, тие се запишуваат на настава која ја следеле и пред заминувањето во странство. Не се зема предвид фактот дека овие деца сега се повозрасни и стекнале дополнителни знаења во училиштата во земјата на нивниот привремен престој. Фактот дека децата треба да одат на училиште со ученици од помала возраст и да следат наставни програми кои тие - до одреден степен - веќе ги учеле и совладале во странство, има демотивирачки ефект врз нив. Ова создава отпор кај учениците да се вратат на училиште и доведува до напуштање на училиштето.[14]

- **Деца на улица**

  **Потребни се систематски наместо реактивни мерки од страна на државните институции за да се реши прашањето на децата на улица.** Канцеларијата на народниот правобранител известува за 337 деца питачи забележани на улиците. Од нив, 328 се Роми од сите возрасни групи, вклучително и бебиња.[15]

**2. Образовен квалитет**

Резултатите од ПИСА покажуваат дека образовниот систем затајува, при што не успева да види што е навистина потребно за да се обезбеди соодветна поддршка за учениците со полоша социо-економска положба или учениците од руралните средини.[16] Резултатите покажуваат дека 70% од учениците ја добиле најниската оценка (1) по читање и математика. Учениците кои се запишани во стручно образование освоиле 44 поени помалку од оние кои се запишани во гимназиско образование. Децата кои посетувале предучилишно образование една година освоиле 50 поени повеќе од оние кои не посетувале предучилишно образование. Учениците во урбаните области имаат многу подобри резултати од учениците во руралните области, а учениците кои припаѓаат на групата со највисоки приходи имаат резултати еквивалентни на нешто повеќе од две години на образование

13 Жаклина Дурмиш, Александар Митановски, Фондација Отворено општество – Македонија, Децата Роми повратници од странство и нивното уставно загарантирано право на образование: Игнорирање или соочување со проблемот со нивното повторно вклучување во образованието!?, 2016 година.

14 Ibid.

15 Европската комисија, Извештај за напредокот на Македонија за 2018, 2019 година.

16 Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието: Северна Македонија, Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието, Издаваштво на ОЕСР, Париз, 2019 година.



во однос на учениците кои припаѓаат на групата со најниски приходи. Причините за катастрофалната писменост на македонските ученици се припишуваат на континуираниот лош образовен систем.

- **Стапка на отпишување од училиште на децата Роми**

  **Основно и средно образование**

  Процентот на учениците Роми кои успешно го завршиле основното образование во 2017 година изнесува 93%, а во 2018 година процентот на завршување изнесува 94%. Процентот на ученици кои успешно го завршиле средното образование во 2017 и 2018 година изнесува 96%. Причините за отпишување од училиште на учениците Роми се различни како на пример: низок квалитет на образованието, дискриминација, миграција и лоша економска состојба на родителите.[17]

  **Образование на мајчин јазик**

  На ромските деца чиј мајчин јазик не е македонскиот им е уште потешко да ги следат часовите и да се интегрираат на училиште. Иако **законот за основно образование гарантира дека ромскиот јазик и култура може да се изучуваат како изборен предмет, во пракса оваа регулатива во најголем дел се занемарува и честопати оваа опција не им се нуди на учениците Роми.** Од друга страна, учениците Роми чиј мајчин јазик е ромскиот имаат тешкотии во училиштата каде што има друг наставен јазик.[18] Покрај тоа, постои недостаток на квалификуван ромски наставен кадар во основните и средните училишта, додека во исто време наставниците Роми кои се квалификувани и имаат универзитетско образование не можат да најдат работа во основните и средните училишта.

# Клучни главни документи и мерки

## Столб 1: Предучилишно образование

**Таргетирана мерка: Бесплатна градинка за деца Роми кои примаат гарантирана минимална помош**

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во соработка со Ромскиот образовен фонд (РЕФ) веќе единаесет години по ред го спроведува проектот „Вклучување на децата Роми во јавните градинки“. Во текот на учебната 2017-2018 година, во рамките на проектот, во просек беа вклучени 514 деца (од нив 260 беа девојчиња) во 19 општини. По 11 години спроведување на овој проект, Министерството се обиде да го реши прашањето за партиципацијата на децата Роми во предучилишното образование на систематски

17 Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико, Извештај во сенка за спроведувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија за 2017 и 2018 година.

18 Министерство за образование и наука, Стратегија за образование и акциски план 2018-2025, 2018 година.

начин. **Владата на својата 113-та седница одржана на 28 декември 2019 година донесе одлука со која се препорачува општините да ја разгледаат можноста за ослободување од плаќање партиципација за градинка на 450 деца Роми на возраст од три до шест години во периодот од 1.12.2018 до 31.12.2019.**[19]

Намерата на Министерството за труд и социјална политика е во иднина не само ромските деца да посетуваат предучилишно образование без партиципатија, туку и други семејства кои ќе бидат корисници на минимална гарантирана помош.

## Столб 2: Основно образование

### Главна мерка: Новиот Закон за основно образование

Новиот **Закон за основно образование**[20] **во член 12 став (3) предвидува дека во однос на децата на државјаните на Република Северна Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Северна Македонија каде што сакаат да го започнат односно продолжат основното образование, „основните училишта се должни да им помогнат во изучувањето на мајчиниот јазик и јазикот на кој ќе ја следат наставата“.** Освен тоа, став (4) предвидува дека заради успешно вклучување во воспитно-образовниот процес „основното училиште во коешто е запишан ученикот организира индивидуална и групна дополнителна настава за совладување на мајчиниот јазик и јазикот на кој ќе ја следат наставата и за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети“. Во став (7) се ограничува оваа поддршка до најмногу една година.

**Влијание врз Ромите**

Иако Законот дава поддршка и можност, во пракса се чини дека овие одредби не се применуваат. Во постојните истражувања нема потврда дека ваков тип на настава е организиран во некое од основните училишта во петте градови каде што се спроведени, со аргумент дека училиштата немаат просторни капацитети или соодветни човечки ресурси.[21] Покрај тоа, преку истражувачката работа на Ромалитико и дискусиите со претставници од Министерството за образование и наука дознавме дека во пракса не постојат механизми за следење и официјални податоци за тоа колку деца на Роми повратници има во земјата. Ако родителите не ги запишат повторно своите деца, тие нема да продолжат со образованието. Оваа пракса покажува дека не постои систематски пристап кон ова прашање, иако законот дава можност.

### Главна мерка: Признавање на дипломи

**Законот за образование во член 154 (трошоци за признавање)** предвидува дека корисниците на гарантирана минимална помош се ослободени од трошоците за признавање на дипломите.

19 Влада на Република Северна Македонија, 113 сесија, 2018.

20 Закон за основно образование, Указ на Претседателот на Република Северна Македонија 08 - 4389/1, 2019 година.

21 Институт за европска политика, Предизвиците на Ромите – повратници во Македонија, 2018.



**Влијание врз Ромите**

Со новиот закон за образование, корисниците на гарантирана минимална помош се ослободени од трошоците за признавање. Тие се значајна пречка за Ромите повратници, бидејќи признавањето и верификацијата на завршено образование во странство чини од 40 до 60 евра по сертификат - диплома, во зависност од нивото на образование. Поради овој финансиски товар, родителите Роми не ги испраќаат своите деца на училиште. Сепак, иако законот дава можност за исклучоци од овие трошоци доколку сте корисник на гарантирана минимална помош, овој закон е поврзан со Законот за социјална заштита, кој предвидува дека лицата избришани од евиденцијата на невработени лица заради нередовно пријавување (секој месец) немаат право да користат гарантирана минимална помош. Лицата можат повторно да се внесат во евиденцијата една година по забраната. Ова значи дека Ромите кои се во странство повеќе од еден месец се избришани од евиденцијата. Откако ќе се вратат назад, ќе треба да почекаат уште една година за да добијат право на гарантирана минимална помош и да ја искористат можноста за трошоците за признавање, што значи дека децата ќе изгубат една година од школувањето, а тоа ќе доведе до напуштање и исклучување од другите откако ќе се запишат.

### Главна мерка: Туторство на ученици

Министерството за образование и наука во **член 36 предвидува дополнителна поддршка (туторство) за учениците од основно училиште** за предмети кои се дел од наставниот план. Туторството на ученици се организира за ученици од шесто до деветто одделение.

**Влијание врз Ромите**

Земајќи предвид дека во претходните години ромските деца имаа можност да посетуваат туторски часови финансиски покриени со проект, Министерството за образование и наука воведе туторство за деца кои покажуваат лоши резултати по одредени предмети, но исто така и обезбедува менторство за деца кои се талентирани со користење на потенцијалот да ги зголемат своите знаења.

### Главна мерка: Завршување на основното образование

Новиот **Закон за образование во член 14** предвидува дека децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, имаат право на основно образование под еднакви услови, како и останатите деца. За овие деца, **Бирото за развој на образование изготвува наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование.**

**Влијание врз Ромите**

Овие измени ќе овозможат децата Роми на улица да бидат вклучени во образованието. Бидејќи новиот Закон беше донесен на 30 јули 2019 година, во наредните шест месеци Министерството треба да донесе закони за регулирање на овие мерки. На состанокот со државниот советник во Министерството за образование и наука беше речено дека Бирото на локално ниво треба да изготви планови за вклучување на овие деца на локално ниво.

## Главна мерка: Посебно образование

**Од септември 2019 година учениците со лесна попреченост се запишуваат во редовните училишта.** Тие треба да учат во редовни училишта, додека програмите и училиштата за посебно образование ќе служат за образование само на учениците со најтешки форми на попреченост. Ова е едно решение според Законот за основно образование, со кој се предвидува посебните основни училишта да се трансформираат во ресурсни центри. Тие ќе ја задржат образовната компонента за ученици со комплексни потреби, но ќе имаат и дополнителна активност. Така, персоналот ќе обезбедува советодавна, консултативна, професионална и практична поддршка на наставниците и учениците во редовните училишта каде што се запишуваат ученици со попреченост. Целта е да се постигне целосно вклучување на учениците со попреченост во редовните училишта. Новиот закон предвидува дека посебните училишта ќе запишуваат деца со попреченост до учебната 2021-2022 година. Од 2022-2023 година тие ќе бидат трансформирани во ресурсни центри што ќе помогне да се осигури целосно вклучување на овие деца во редовните училишта.

### Влијание врз Ромите

Имајќи предвид дека голем број деца Роми посетуваат настава во училишта за посебни образовни потреби каде често установите не прават категоризација, децата кај кои не е утврдена посебна потреба треба да се преместат во редовни училишта. Најголеми придобивки од овие измени ќе имаат децата Роми. Проблемот со несразмерниот број ромски деца во посебните училишта е забележан во различни извештаи, вклучително и извештајот за напредокот подготвен од Европската комисија. Според извештајот на Европска комисија против расизам и нетолеранција, 37% од учениците во посебните училишта се Роми.[22] Бројот на Роми запишани во посебни училишта во учебната година 2015/2016 изнесува 163, а во 2016/2017 година изнесува 185 ученици.[23] Овие бројки се пониски од бројките за 2008/09 година (444) или 2009/10 (431), но оваа појава сè уште е пракса и во основното и во средното образование.

## Главна мерка: Законот за превенција и заштита од дискриминација ја препознава сегрегацијата

Со новите законски измени на **Законот за спречување и заштита од дискриминација[24] сегрегацијата се препознава како форма на дискриминација.** Според член 12, сегрегација е физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел. Со овие измени НВОи и поединци можат да поднесат тужба против училиштата за сегрегација. Со претходниот закон немаше законска основа за поднесување ваков вид тужба и борба против сегрегацијата преку законски механизми.

22 Европска комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), Извештај на ЕКРИ за Поранешната Југословенска Република Македонија (петти циклус на следење): Усвоен на 18 март 2016 година, 7 јуни 2016 година.

23 Извештај на народниот правобранител за инклузијата на Ромите по Декадата на Ромите - образование, 2018 година.

24 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник 101/2019.



### Влијание врз Ромите

Извештајот за напредокот на ЕК посочи дека сегрегацијата во училиштата е сè уште проблем. Според претходниот Закон за основно образование, основното училиште прифаќа и запишува ученици од неговата област. Меѓутоа, основните училишта исто така можат да прифатат и запишат ученици од други области ако има слободни места за запишување. Овој процес се нарекува реонизација и општините во земјата донесуваат одлуки за реонизација. Со новиот Закон за основно образование на родителите им е потешко да ги запишат своите деца во други училишта надвор од нивната област, бидејќи ако сакаат да ги запишат децата ќе треба да добијат одобрение од двете училишта, и од она каде што припаѓаат според областа и од другото каде што сакаат да ги запишат своите деца. Сепак, во некои општини оваа одлука не се спроведува соодветно. Врз основа на друг извештај на народниот правобранител, причината зошто појавата на сегрегација сé уште претставува проблем е двоумењето на родителите кои не се Роми дали да ги запишат своите деца да учат со ученици Роми, а понекогаш и неурамнотежената распределба на учениците Роми по паралелки.[25] Во друг извештај се вели дека „сегрегацијата е присутна во многу области, а особено во образованието“ а нејзините ефекти произлегуваат од разни неформални пракси на етничка поделба.[26]

## Таргетирана мерка: Образовни медијатори

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолг период надвор од образовниот систем, Министерството може да ангажира образовни медијатори. Образовниот медијатор ќе помогне со зголемувањето на свеста за можностите и пристапот до училиште и ќе соработува со училишниот персонал, родителите и учениците. Имајќи предвид дека имаше неколку различни проекти кои се однесуваа на овој проблем, со оваа мерка **образовните медијатори се систематизирани во Законот за основно образование.**

## Таргетирана мерка: Стипендии за ученици Роми во прво одделение

Во рамки на проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование“, Фондацијата Отворено општество – Македонија заедно со своите партнери Здружението Центар за образовна поддршка „Дендо вас“ и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ објавија конкурс за стипендирање на 315 ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2019/2020 година. Целта на овие стипендии е преку намалување на финансискиот товар на најранливите ромски семејства поврзан со школувањето на нивните деца да се обезбеди поголема вклученост на Ромите во основното образование, редовна посета на наставата и успешен премин во следните одделенија. Конкурсот за стипендирање е финансиран од Европската Унија.

25 Народен правобранител на Република Македонија, „Информација за состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/2015 година“, 2015 година.

26 Џенифер Џеладин и Кристина Дода „Сегрегација на ученици Роми во основните училишта во Република Македонија“, Институт за човекови права и Европски центар за права на Ромите, 2016 година.

Според конкурсот, можат да се пријават само ученици чии семејства се приматели на социјална помош односно приматели на гарантирана минимална помош. Овие критериуми се ограничени кон другите ранливи групи, како што се повратниците. Како што е наведено на почетокот на оваа анализа, во однос на признавањето на трошоците за верификација на сертификати, ромските семејства кои се вратени дома имаат забрана од Агенцијата за вработување една година, што значи дека во текот на овој период не смеат да поднесуваат барања за социјална помош или гарантирана минимална помош. Во овој случај, исто така и децата од овие семејства немаат право да се пријавуваат за стипендии.

## Столб 3: Средно образование

### Главна мерка: Закон за средно образование

**Законот за средно образование**[27] предвидува дека за учениците од средно образование Министерството може да обезбеди дополнителни часови по предметите кои се дел од наставната програма во учебната година во која е запишан ученикот, а по кои предмети ученикот имал оценка помала од одличен (5) во претходната учебна година. Туторските часови ги реализираат студенти во високото образование.

#### Влијание врз Ромите

Слично како и во основното образование, ромските ученици можат да имаат корист од оваа мерка. Разликата е во тоа што со оваа мерка учениците можат да добијат поддршка само ако имаат оценка помала од одличен (5) претходната година, а не во текот на учебната година. Општо, учениците Роми во средното образование имаат потреба од туторство за предмети по кои се соочуваат со тешкотии во текот на тековната учебна година. Придобивката од оваа мерка е тоа што квалитетот на образованието на учениците Роми ќе се зголеми со поддршка на туторите.

### Целна мерка: Стипендија за ученици и студенти Роми

Министерството за образование и наука секоја година обезбедува стипендии за ученици Роми во средно образование. Во 2018 година Министерството обезбеди 736 стипендии за средно образование и 90 стипендии за студенти на универзитети. Иницијативата има за цел да ја подобри мобилноста и успехот на учениците Роми во сите години на образование. Постојат различни категории на стипендии, за талентирани ученици, за ученици со посебни образовни потреби и мотивациски стипендии за ученици кои постигнале слаби резултати на училиште. Стипендиите се финансираат согласно Законот за студентски стандард. Што се однесува до стипендиите за високо образование, тие се доделуваат на сите студенти Роми, но приоритет им се дава на студентите што учат на факултетите за педагогија. И покрај оваа таргетирана мерка, учениците и студентите Роми имаат право да се пријавуваат на главните конкурси за стипендии.

27 Закон за средно образование, консолидиран текст, Службен весник на РМ 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/108.



### Таргетирана мерка: Запишување ученици во јавните средни училишта со 10% помалку поени од потребните

**Политика што треба да се ревидира е афирмативната акција за запишување во средно образование.** Секоја година, во конкурсот за запишување ученици во средните училишта се утврдува дека Ромите можат да бидат примени во јавните средни училишта со 10% помалку поени од потребните, но понекогаш средните училишта не ја земаат предвид оваа политика  освен ако ученикот директно не се повика на неа. Затоа, се предлага оваа политика да премине во задолжителна мерка и тие 10% да бидат директно вклучени во вкупните поени на ученикот. **Уште една афирмативна акција е квотата за запишување на универзитетите.** Ова е општа политика за сите заедници кои не се мнозинство во земјата, но се добива впечаток дека оваа мерка не функционира како што треба. Нема официјална информација за бројот на студенти кои ја искористиле оваа афирмативна акција, а нејзиното спроведување не е прецизно дефиниран.

### Главна мерка: Дуално стручно образование

#### Дуално образование

Во 2017 година, Министерството за образование и наука официјално го започна пилот-**проектот за дуално стручно образование**. Станува збор за тригодишен проект за дуално стручно образование што ќе се спроведува во Република Северна Македонија со германска експертиза и поддршка. Во суштина, ова е релативно нов концепт заснован на принципот на учење засновано на работа. Во јуни беа усвоени наставните планови за прва година од дуалното стручно средно образование и беа опфатени следниве училишта и компании: Наум Охридски во Охрид и Киро Спанџов Брко во Кавадарци, во корелација со компании од приватниот сектор - Костал, ОДВ- Електрик, ЛТЦ Леарница во Охрид и Дрекслмајер во Кавадарци. Проектот ќе им помогне на компаниите кои работат во индустријата да обезбедат стручен персонал со подготовка на учениците за одредена компанија во текот на нивното средно образование, што претставува типичен пример за јавно-приватно партнерство. **Дуалното образование е образование ориентирано кон пазарот на трудот и претставува инвестиција во иднината и економијата.** Идејата за дуално стручно образование е поддржана од Владата на Република Северна Македонија, која ќе обезбеди услови за полесно спроведување на проектот и ќе издвои средства за компаниите кои обезбедуваат поддршка. Владата ќе се залага за спроведување на системот на дуално образование во средното стручно образование. Компаниите ќе можат да обезбедуваат стипендии за ученици во средно образование, кои пак компаниите ќе треба да ги вработат веднаш по дипломирањето.

#### Влијание врз Ромите

Имајќи предвид дека има поголем број Роми во стручните училишта во средното образование, по нивното вклучување во оваа програма тие можат да бидат поконкурентни на пазарот на трудот и можат да добијат работа веднаш по дипломирањето. Покрај тоа, треба да се напомене дека проектите досега се спроведуваат во училиштата и градовите каде нема или има многу мал број ученици Роми. Сепак, ваков тип на проект беше

потребен како дел од образовните реформи во Република Северна Македонија и може да има позитивно влијание врз сите ученици во средното образование, вклучително и Ромите.

## Препораки

- Да се осигури спроведувањето на член 14 од Законот за образование за децата кои не се вклучени во образовниот систем. За децата надвор од училиште да бидат вклучени во образовниот процес, треба да има програми за подготовка за нивно вклучување. Бирото сè уште нема подготвено програма, а за да ја подготви општините треба да поднесат барање до Бирото за подготовка на вакви програми.
- Да се осигури спроведувањето на член 11 и 12 од Законот за вклучување на децата во училиште и дополнителни часови за надоместување на знаењето за децата на повратниците. Часовите за надоместување на знаењето исто така беа предвидени во претходниот закон, но праксата покажува дека ваков тип на часови не се организираат.
- Да се осигури целосна примена на правото на учениците да го изучуваат својот мајчин јазик (ромскиот јазик) како изборен предмет како што е предвидено со Законот за основно образование.
- Ревизија на предметните материјали и наставните програми во основното и средното образование за да се осигури дека во книгите нема дискриминаторски и негативни содржини. Доколку се најде таква содржина, министерството треба да подготви нови материјали што промовираат еднаков третман. Праксата покажа дека ваквите содржини во книгите ги откриваат родителите, а не лицата кои имаат мандат да ги прегледаат книгите пред нивна реализација во училиштата. Покрај тоа, Министерството во два од случите препорача деловите од книгите со ваква содржина да не се користат, наместо да се повлечат книгите. За да се спречи ваквата содржина, Министерството треба да ангажира државни службеници Роми или невладини организации да учествуваат во ревизијата на книгите или како друга можност, да има ригорозни критериуми за издавачките куќи и авторите на учебници.
- Училиштата и другите институции треба да воспостават механизам за водење евиденција за тоа колку деца Роми го напуштаат образованието заради миграција и да добиваат информации од официјални институции кога ќе се вратат во земјата. Ваквиот тип на информации ќе им помогне на училиштата веднаш да ги вратат децата во училиштето, а не да чекаат родителите доброволно да ги известат и повторно да ги запишат своите деца на училиште. Покрај тоа, овој механизам ќе им помогне на институциите и другите да имаат увид во реалната состојба и причините за напуштање на образованието на ромските деца, без разлика дали тоа е резултат на миграција, непосетување на училиште или заради слабите резултати во училиште.



- Да се развијат механизми за проверка на нивото на знаење на децата повратници, за да можат повторно да се запишат во соодветно ниво на образование што одговара на нивото на нивното знаење и возраста.
- Имајќи предвид дека средното образование е задолжително и дека конкуренцијата за пристап до работа е зголемена во однос на нивото на образование, државата треба да им даде можност на генерациите за бесплатно завршување на основно и средно образование за лица над 16 годишна возраст за да можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

# ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ДОМУВАЊЕ

Правото на соодветно домување е едно од основните човекови права загарантирано во бројни меѓународни конвенции, закони и декларации.[28] Во Универзалната декларација за човекови права, која е една од најважните декларации ратификувана од многу земји, вклучително и Република Северна Македонија, е наведено дека „секој има право на животен стандард кој му обезбедува здравје и благосостојба, нему и на неговото семејство, вклучувајќи ја исхраната, облеката, станот, и лекарската нега“.[29]

**Во клучната законска легислатива за домување во Република Северна Македонија спаѓа Законот за домување[30]** со кој се уредуваат видовите на објекти во домувањето, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица, заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините во домувањето, инспекцискиот и управниот надзор и други прашања од областа на домувањето.

Овој закон е особено важен за граѓаните бидејќи точно го регулира начинот на управување со станбените згради и ги утврдува правата и обврските на сопствениците на одделни делови; односите помеѓу сопствениците во станбена зграда, како и помеѓу сопствениците и трети лица; ги утврдува правата и обврските на заедницата на сопственици; ги утврдува правата и обврските на лиценцираните управители на станбени згради и предвидува санкции за непочитување на законските одредби. Прашањата за домувањето на локално ниво се дел од надлежностите на многу институции што го усложнува прашањето за домувањето. Според надлежностите и одговорностите на единицата на локалната самоуправа, советот и градоначалникот се главните органи на општините. Локалната самоуправа е директно одговорна за локалниот економски и урбанистички развој на општината.

Светската банка и Институтот Отворено Општество го утврдија домувањето како една од најранливите области што се однесува до Ромите во многу земји и домувањето стана една од четирите области на Декадата за инклузија на Ромите 2005 - 2015 година.[31] Република Северна Македонија, како земја потписничка на Декадата за инклузија на Ромите се посвети на подобрување на состојбата и статусот на Ромите. Освен Декадата, Република Северна Македонија ја спроведува и Стратегијата за Ромите[32] која опфаќа легализацијата на ромските соседства, која ги вклучува нелегалните живеалишта како важен приоритет. Мерките во Стратегијата се фокусираат на намалување на бездомништвото и минимизирање на присилното иселување, додека иселувањата кои се неопходни треба да се балансираат со решение или избор на друго сместување. Стратегијата за Ромите 2014 - 2020 е усвоена од Владата на Република Северна Македонија заедно со акциските планови во четирите области.[33]

28 Обединети Нации, Универзална декларација за човекови права, 1948 година. Достапно на: https://bit.ly/1N-HJkaan

29 Ibid. Член 25

30 Закон за домување, Службен весник на РМ, консолидиран текст, бр. 99/2009. Достапно на: http://bit.ly/2KqTbFT

31 DДекларација за Декадата на Роми за вклучување на Ромите 2005 - 2015, 2005 година. Достапно на: http://bit.ly/2W0xoJN

32 Министерство за труд и социјална политика, Стратегија за Роми, 2005 година. Достапно на: http://bit.ly/2pAQnOO

33 Ibid.

Според акцискиот план[34] за домување, главните исходи што треба да се постигнат се следниве:

- Обезбедување на социјални станови за ромските семејства од социјално ранливи категории
- Подобрени услови за живот на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација и сузбивање на штетните услови за живеење
- Обезбедување систематска регистрација во Катастарот на имотот и земјиштето во сопственост на Роми

Владата на Република Северна Македонија како иницијатор и потписник на **Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ, се обврза на спроведување на политики во шест области, вклучувајќи го и домувањето.**[35] Така, во областа на домувањето е пропишано дека земјите треба „секогаш кога е можно, да се легализираат сите неформални населби во кои живеат Ромите; или да се обезбеди трајно, пристојно, прифатливо и десегрегирано домување за Ромите кои моментално живеат во неформални населби и кои не можат да бидат легализирани од оправдани причини".

Затоа, заклучоците од последниот семинар за Ромите (работна средба за социјална инклузија на Ромите  во организација на Кабинетот на министерот без ресор во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Секретаријатот за Европски прашања и Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија) во областа на домувањето се во насока на поддршка на процесот на легализација на бесправно изградените објекти, вклучување на Ромите во програмите за социјално домување и обезбедување на повеќе инфраструктурни проекти во ромските населби. Предлог-буџетот за 2020 година покажува зголемување за 37% за спроведување на политиките за Ромите, што претставува позитивен чекор. Ова зголемување се должи на удвојувањето на средствата во делот од буџетот за Министерството за транспорт и врски за спроведување на инфраструктурни проекти во ромските населби. Во областа на домувањето, како и во другите области, најголем проблем е недостигот на податоци, недостатокот на соодветен систем за следење на изведбата, основни индикатори за мерење на напредокот во областа на домувањето и недостатокот на временска рамка за спроведување на предвидените политики и програми.

## Тековна состојба и клучни приоритети

### 1. Пристап до социјални станови

Според податоците од теренската работа на НВО и Ромските информативни центри, поради тоа што некои ромски семејства не успеале да ја обезбедат потребната документација - како што е последната платена сметка за електрична енергија или законски нерегулирани сопственички односи за домот, изнајмени станови за кои односите со сопствениците на становите не се соодветно регулирани – семејствата треба да ги напуштат становите. Имајќи ги предвид овие проблеми, **многу Роми се оставени на работ на општеството без покрив над глава**. Во 2016 година, државата ги урна импровизираните колиби на 121 Ром (29 семејства) при што деца и бремени жени беа оставени да живеат под отворено небо покрај реката Вардар.[36]

По неколку месеци, Владата донесе одлука за привремено згрижување и го задолжи Министерството за труд и социјална политика да обезбеди задолжително вклучување на сите сместени лица во Програмата за поддржано живеење.[37] **Одлуката имаше за цел на раселените лица да им се обезбедат соодветни услови за престој и стекнување на работни вештини за вклучување на пазарот на трудот, како и интеграција во социјалната средина.** Сепак, тие сè уште немаат постојани живеалишта неопходни за пристоен живот. Затоа, **пристапот до социјалното домување претставува социјално право што државата треба да го обезбеди за секој поединец.**

### 2. Легализација на бесправно изградените објекти

Во последните 25 години, **општините не изнајдоа соодветни решенија за урбанизација и вклучување на ромските населби во генералното урбанистичко планирање на градовите**, со што се продлабочија проблемите поврзани со легализацијата и многу ромски живеалишта се изоставени од процесот на легализација. **Процесот на легализација е главно одговорност на единиците на локалната самоуправа и честопати нема етнички податоци за завршените предмети или предметите во тек.** Покрај тоа, следењето на постигнувањето на индикаторите за овој приоритет не е мерливо. Сепак, **сè уште има голем број на живеалишта на Роми кои не се легализирани, со ризик тие да станат бездомници, главно затоа што не се информирани за можноста и потребните документи што треба да се соберат или заради миграција во ЕУ.**

### 3. Инфраструктурни проекти во ромските населби

Според социјалното мапирање (го спроведува АЕКОМ во координација со Делегацијата на Европската унија Скопје и Министерството за труд и социјална политика и Кабинетот на министерот без ресор задолжен за спроведување на стратегијата за Ромите), населбите главно населени со Роми немаат пристап до јавни услуги и инфраструктура, како што се асфалтиран пат, канализација, атмосферска канализација, снабдување со електрична енергија и собирање на отпадот.[38] Сите овие предизвици со кои се соочува ромската заедница имаат штетно влијание врз нивното здравје. Дополнителен проблем што се чини дека е поврзан со урбанизацијата е дека многу од овие населби се надвор од урбанистичкото планирање, главно затоа што локалните власти немаат соодветни решенија за урбанизација или не ги вклучуваат ромските населби во генералното урбанистичко планирање на

34 Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за домување, 2015 година. Достапен на: http://bit.ly/2qVx5Et

35 Декларација на партнерите од Западен Балкан за интеграцијата на Ромите во процесот на проширување на ЕУ, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2MkNNFr

36 Радио МОФ, Ромите под Кале – Ни на небо ни на земја, 2019. Достапно на: http://bit.ly/32S0KMb

37 Канал 5, Лицата кои живеат под Кале ќе бидат времено згрижени, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2CNT-PZM

38 АЕКОМ, Извештај за социјалното мапирање, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2Q4YsX3

општината. Во исто време, овој проблем придонесува за отсуството на легализација, поради што мнозинството ромски населби немаат право на процес на легализација и спроведување на инфраструктурни проекти. Како резултат, **многу домаќинства се загрижени за тоа колку се сигурни нивните домови затоа што немаат сопственост над нив и нивните домови би можеле да бидат срушени од општинските власти. Покрај тоа, некои ромски населби се соочуваат и со природни непогоди, како што се свлечишта и поплави, што дополнително ја влошуваат состојбата.**

# Клучни главни документи и мерки

## Столб 1: Социјално домување за Ромите

### Главна мерка: Изградба на социјални станови

Еден од клучните документи што беше анализиран е **Стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски за 2018 - 2020 година.**[39] Во овој документ се изложени потребите за навремено, транспарентно и објективно планирање на процесите, активностите и проектите во рамките на министерството. **Во овој документ се утврдени три главни мерки од кои ромското население би имало придобивки.** Истата мерка се наоѓа во Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015 - 2020 година, за периодот 2018 - 2020 година.[40]

Според Министерството за транспорт и врски, главната цел на спроведувањето на оваа мерка е **да се обезбедат достоинствени услови за домување за социјално ранливите категории на граѓани.** Во исто време, оваа мерка е поврзана со Стратегијата за Роми 2014 - 2020 и акцискиот план за домување во делот на исходот за **обезбедување социјално домување и станови за ромските семејства од социјално ранливи категории.** Целта на активноста е да се изградат социјални станови за да се намали сиромаштијата, како основен предуслов за **обезбедување хумани услови за живеење, рехабилитација на семејството и постигнување одржлив економски и социјален развој.** Планираните згради се наоѓаат низ целата земја, заради поизбалансиран просторен развој и изедначување на стандардите за домување. Опсегот на лица кои припаѓаат на ромската заедница е различен, бидејќи Ромите можат да аплицираат и во другите категории во зависност од условите што важат за користењето на изнајмени социјални станови. Сепак, меѓу седумте категории, една категорија е за социјално загрозени лица кои припаѓаат на ромската етничка заедница.

**Влијание врз Ромите**

Според информациите од Министерството за транспорт и врски за 2016 година, доделени се 111 станови, од кои 73 се изградени во Прилеп, 18 во Ресен и 20 во Демир Хисар. Во 2017 година не се доделија станови и немаше завршени објекти во изградба. Според мислењето на Комисијата за распределба на социјални станови, се смета дека до 2017 година има вкупно 731 станбени единици од кои 669 веќе биле распределени. Во 2018 година беа изградени 53 станбени згради, но становите сè уште не се распределени. Во текот на 2018 година завршени се две згради, една во Струмица со 41 станови и една во Гостивар со 70 станови, но истите сè уште не се распределени.

Од една страна, мерката за изградба на социјални станови има позитивни ефекти врз ромската заедница, особено од 2016 година кога од 669 станови, 118 беа доделени на ромски семејства, што претставува 17,6% од вкупниот број на распределени станови за сите категории. Од друга страна, стагнацијата на процесот на изградба и распределба на социјални станови во рамките на проектот ФП1764 кој е поддржан од Банката за развој на Советот на Европа, има негативно влијание врз ромската заедница. Потрошени се само 50% од планираниот буџет за социјални станови, што го поткопува извршувањето на проектот за социјална зграда планирана во Шуто Оризари.

## Приоритет 2: Урбанистичко планирање

Министерството за транспорт и врски во Стратешкиот план 2018 - 2020 година предвидува како мерка изготвување на нови урбанистички планови за поддршка на општините во Република Северна Македонија во насока на побрза урбанизација и уредување на просторот. Покрај тоа, **согласно член 22 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, на предлог на Министерството за транспорт и врски, Владата донесува секоја година годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација. Но, општините не аплицираат со проекти за изработка или ревидирање на ДУП-ови и ГУП-ови за ромските населби.**

Во исто време, оваа мерка е поврзана со Стратегијата за Роми 2014 - 2020 и акцискиот план за домување во делот на исходот за обезбедување систематска регистрација во Катастарот на имотот и земјиштето во сопственост на Роми. **Законот за легализација на бесправно изградени објекти**[41] на централно ниво беше донесен во 2011 година. Иако овој закон и другите прописи се донесени, постигнат е мал напредок во однос на овој приоритет, значителен број ромски домови сè уште не се во постапка на легализација заради измените и надградбите што треба да се направат во деталните урбанистички планови (ДУП) и генералните урбанистички планови (ГУП). Поради ова, не постои правна основа за изградба на водоводна и канализациска мрежа, како и приклучување на електрична енергија. Оваа состојба придонесува за намалување на квалитетот на животот на населението што живее во овие области, како и за неговата поголема социјална исклученост.

**Влијание врз Ромите**

Со оглед на фактот дека една од главните пречки е тоа што парцелите на кои се изградени куќите на ромски семејства не се урбанизирани и не се вклучени во ГУП-овите или ДУП-овите, бавното спроведување на мерките поврзани со изработката на урбанистичките планови за ромските населби има негативно влијание врз Ромите. Како резултат, не постои

39 Министерство за транспорт и врски, Стратешки план, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/37hfAzg

40 Министерство за локална самоуправа, Акциски план за спроведување на одржлив локален развој и Програма за децентрализација 2015 - 2020, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2NNG6Z6

41 Министерство за транспорт и врски, Закон за легализација на бесправно изградените објекти, 2019 година. Достапно: http://bit.ly/2NWFL6o

правна основа за изградба на водоводна и канализациска мрежа, како и приклучоци за електрична енергија, поради што овие населби имаат супстандардни услови за живот. Министерството за транспорт и врски заедно со општините треба да подготват акциски план чекор по чекор за измени на ГУП-овите и ДУП-овите и вклучување на ромските куќи во плановите.

Според табелата од Извештајот во сенка на Ромалитико за 2018 година, најмалку десет ромски населби се неурбанизирани и живеалиштата во нив не се легализирани бидејќи е потребна промена на генералниот или деталниот урбанистички план.

Табела. 1 Преглед на населби кои не се урбанизирани

| | Локална самоуправа | Ромски соседства што треба да се урбанизираат |
|---|---|---|
| **1.** | Шуто Оризари | Бараки, Гарибалди, Волт Дизни, Георги Пенков |
| **2.** | Куманово | Средорек |
| **3.** | Прилеп | Дел од Тризла |
| **4.** | Битола | Баир |
| **5.** | Тетово | Улица 146 |
| **6.** | Гостивар | Дупка |
| **7.** | Кичево | Мексичка |
| **8.** | Велес | Прцорек |
| **9.** | Кавадарци | Бушанско маало |
| **10.** | Струмица | Климент Охридски, Транзит |

## Приоритет 3: Подобрување на инфраструктурата во ромските соседства

Стратегијата за одржлив развој 2009 - 2030 година предвидува подобрување и изградба на еколошка и комунална инфраструктура (систем за водоснабдување, систем за отпадни води, пречистителни станици и интегрирано управување со цврстиот отпад).[42] Покрај тоа, **Стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски предвидува спроведување на проектот за водоснабдување и услуги за управување со отпадни води во општините во Република Северна Македонија преку натамошно спроведување на под-проектите во рамките на овој проект во соработка со Европската инвестициска банка.** Исто така, во Стратешкиот план е предвидено да се спроведе проект за водоснабдување и канализација во општините преку под-проект во соработка со развојната банка КфВ (Kreditanstalt faltr Wiederaufbau). Во **Стратегијата за регионален развој[43] на Република Северна Македонија 2009 година - 2019 година, Приоритетот 2.4 има за цел да го подигне нивото на социјален развој во регионите и ги вклучува следниве мерки:**

42 Министерство за животна средина и просторно планирање, Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2CSqpK4

43 Влада на Република Северна Македонија, Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2009 -2019, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2CTcOSB



- Подигање на стандардот на домување
- Обезбедување можности за приклучување на сите живеалишта на систем за водоснабдување, канализација и комунални услуги
- Подигање на нивото на опремување на становите со санитарни јазли.

Во разговор со претставници од Министерството за труд и социјална политика беше кажано дека за 2020 година е планирано да се потрошат околу 4 милиони денари за реновирање на куќите на социјално ранливите групи, вклучително и живеалишта на ромски семејства. **Имајќи ги предвид сите овие проекти и мерки, општините и Владата треба да направат стратегија за вклучување на ромските населби кои немаат водовод, услуги за одведување на отпадни води, канализациски системи, комунална инфраструктура и патишта.** Сите овие проекти и активности се во согласност со Стратегијата за Роми и акцискиот план за домување во делот на исходот за подобри услови за живот на ромските семејства преку изработка и спроведување на програми за интегрирана урбана регенерација и сузбивање на штетните услови за живеење. Според тоа, **институциите треба да го земат предвид етничкиот аспект затоа што ромските соседства се најмногу погодени од немањето на водоснабдување, услуги за одведување на отпадни води, канализациски системи, комунална инфраструктура и патишта.** Затоа, сите овие проекти и активности треба да се спроведат во соработка со **Министерството за локална самоуправа и општините.**

### Влијание врз Ромите

Во однос на покриеноста на Ромите, може да се забележи дека е постигнат значителен напредок во 2018 година, како резултат на зголемување на буџетот за спроведување на инфраструктурни проекти. Проектите опфаќаа 327 107 жители од кои 27 087 (8,2%) беа Роми. Според Извештајот од сенка на Ромалитико за 2018 година, реализирани се вкупно 14 инфраструктурни проекти.

| Општина | Краток опис на проектот |
|---|---|
| Штип | Изградба на ул. Радански пат |
| Штип | Изградба на колско пешачка патека како врска помеѓу улиците Широк Дол - Радански пат |
| Виница | Изградба на потпорен ѕид на ул. Иво Рибар Лола |
| Шуто Оризари | Реконструкција и унапредување на ул. Волт Дизни |
| Шуто Оризари | Реконструкција и унапредување на ул. Виетнамска |
| Делчево | Завршување на реконструкцијата на ул. Илинден и изградба на потпорен ѕид |
| Пехчево | Реконструкција на горниот слој од коловозната конструкција на ул. 1 во село Црник |
| Берово | Изградба на ул. Димитрие Туцовиќ |
| Берово | Изградба на пристапна колско пешачка улица како спој на ул. Балканска и ул. Братство и единство |

| Општина | Краток опис на проектот |
|---|---|
| Кочани | Изградба на ул. Стамен Манов и изградба на два потпорни ѕидови |
| Кочани | Реконструкција на дел од ул. Славчо Стоименов |
| Кочани | Изградба на ул. Блаже Поп Арсов и изградба на потпорни ѕидови |
| Битола | Завршување на започнатите активности во населбите Баир 4 и Бадембарли 3 во општина Битола финансирани во согласно Одлуката за распределба на средства од буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година |
| Куманово | Реконструкција на улици во населба Средорек |
| Прилеп | Спроведување на проекти од комунална инфраструктура во населбата Тризла |

Во однос на спроведувањето на Локалните акциски планови за Ромите за прв пат Министерството за локална самоуправа издвои средства за нивна поддршка. Во текот на 2018 година, поддржани се 12 општини, со цел да се спроведат активности од Локалните акциски планови во општините. Сепак, **Министерството за локална самоуправа треба да го зголеми нивниот буџет и да ги натера општините да издвојуваат повеќе пари за спроведување на активностите предвидени во Локалните акциски планови.**

## Препораки

Врз основа на анализираните документи може да се заклучи дека приоритетите на Ромите се вклучени во главните политики, меѓутоа, недостатокот на политичка волја, координација на институциите и буџетот го ограничуваат спроведувањето на политиките за домување што би ги вклучиле ромските населби на агендата на институциите и општините надлежни за спроведување на политиките и мерките. Може да се забележи прогресивно зголемување на распределбата од буџетот за Ромите. Достапните информации за користењето на овие средства претставуваат чекор напред кон транспарентноста во однос на домувањето на Ромите во Република Северна Македонија. Потребна е поголема транспарентност во распределбата на социјални станови, како и поголеми напори за решавање на проблемот со домувањето на Ромите. Износот на распределените средства за домување на Ромите треба да се зголеми. Достапните средства досега покажуваат тренд на подобрување на состојбата со домувањето на Ромите. Иако во последниве неколку години загриженоста расте, приоритетите на Стратегијата се привремено реализирани. Социјалното домување, унапредувањето на комуналната локална инфраструктура и легализацијата на бесправно изградените објекти станаа дел од фокусот на институциите и засегнатите страни. Затоа, поголемата распределба на средства преку механизми за следење при користењето на овие средства е најдобриот начин да се отстрани проблемот со домувањето на Ромите во Република Северна Македонија. Со оглед на горенаведеното, се препорачува:



- Изменување и дополнување на Законот за легализација со продолжување на рокот до 2021 година. Социјалните случаи треба да бидат ослободени од давачки за процесот на легализација.
- Усвојување на деталните урбанистички планови и измени на генералните урбанистички планови затоа што куќите на ромските семејства кои се изградени не се урбанизирани и не се вклучени во ГУП-овите или ДУП-овите.
- Треба да се зголеми буџетот за инфраструктурни проекти во ромските населби
- Усвојување на Закон за социјално домување.
- Поголема распределба од буџетот за социјални станови за маргинализираните Роми кои имаат потреба од социјални станови на целата територија на Република Северна Македонија.
- Техничка поддршка на општините за подготовка на проекти за урбанизација со цел искористување на програмата за урбанизација на централниот буџет.
- Изградба на социјална зграда во Шуто Оризари во согласност со планот за изградба на социјални станови во рамките на проектот ФП1764.
- Воспоставување на база на податоци со сегрегирани податоци за да се мерат резултатите од таргетираните и главните политики.

# ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Еден од главните столбови на Владината програма за периодот 2017 - 2020 е развојот на економијата и зголемувањето на животниот стандард на граѓаните. Иако невработеноста значително опадна во текот на изминатите години достигнувајќи 17,1% во третиот квартал од 2019 година, нивото на невработеност на Ромите не е променето.[44] Објавените реформи во областа на вработувањето се насочени кон подобрување на социјалниот и даночниот систем, зголемување на минималната плата, зголемување на буџетот за активни мерки на пазарот на трудот, поддршка на домашните компании, како и подобрување на опкружувањето во кое работат малите и средни претпријатија. Реформите во горенаведените области во комбинација со макроекономскиот раст и структурните реформи имаа позитивно влијание врз нивото на вработеност, забрзувајќи го растот на вработеноста на 5,2% во однос на истиот период претходната година во првото тримесечје во 2019 година.[45] Повеќето отворени нови работни места беа во областите на производството, транспортот и складирањето, административните услуги и забавата. Паралелно, реалните нето-плати се зголемија за 2% до крајот на јуни 2019 година, делумно како одраз на зголемувањето на минималната плата во јули 2018 година.

Процентот на неформално вработување од 18,1% во 2017 година, бележи стабилен пад од 28,6% во 2008 година, но останува значителен, особено за нискоквалификуваните работници.[46] Во август 2018 година, **Владата усвои акциски план за спроведување на својата стратегија за 2018-2020 година за поттикнување на формализирањето на неформалната работа, проследено со подобрување на капацитетите за следење на администрацијата.** Владата, исто така, презеде мерки за спречување на исплата на плата во готовина.

Република Северна Македонија се приближува кон крајот на спроведувањето на Стратегијата за Роми, но и понатаму остануваат пречките во однос на вклучувањето на Ромите на пазарот на трудот. Ромите во Република Северна Македонија сè уште имаат два пати повисока стапка на невработеност (49%) во споредба со не-Ромите. Затоа, изгледите за вработување на Ромите не се променети во однос на 2011 година. Според податоците добиени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија заклучно со 30.06.2019 година, регистрирани се 101 657 активни баратели на работа, од кои 8 427 се Роми активни баратели на работа што претставува 8,3% од вкупниот број активни баратели на работа. Споредено со состојбата на 31.12.2018 година, вкупниот број активни баратели на работа изнесува 94 720 од кои 6 333 се Роми, што претставува 6,7% од вкупниот број активни баратели на работа. **Може да се заклучи дека има зголемување на бројот на активни баратели на работа за 7,3%, додека за Ромите стапката изнесува 33%.** Сепак, нагорниот тренд во бројот на активни баратели на работа се однесува пред сé на државната политика за активација на невработените лица на пазарот на трудот, реформите во социјалната заштита и мерката на загарантиран минимален приход.

44 Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, 2019 година..

45 Европска комисија, Квартален економски преглед за земјите-кандидатки и потенцијални кандидатки за ЕУ, 2019 година. Достапно на http://bit.ly/35wDzJk

46 Влада на Република Северна Македонија, Програма за економски реформи, 2019 година.

Севкупно, во 2019 година постои тренд на зголемување на бројот на невработени Роми во однос на 2018 година. За да се намали невработеноста, во рамките на оперативниот план за вработување предвидени се мерки за работодавачите да ги охрабрат Ромите да вработуваат други Роми или да развиваат сопствени бизниси, како и мерки за зголемување на вештините на невработените. Во просек, околу 3-4% од Ромите биле корисници на активните мерки за вработување во последните три години, и иако апсолутниот број на корисници Роми се зголемува, релативниот удел на вкупниот број на корисници опфатени со активните мерки за вработување останува непроменет. Малиот број на корисници Роми (185 Роми во 2017 година, 233 во 2018 година) или 3% од вкупниот број лица опфатени со активните мерки за вработување, има мало влијание врз намалувањето на невработеноста на Ромите. Покрај тоа, од лицата вклучени во активните мерки на пазарот на трудот околу 40% се вклучени во програмата за јавни работи што не ја подобрува квалификациската структура на невработените Роми, туку нуди приходи за период од три до девет месеци.

**Вработувањето на Ромите во јавниот сектор остана непроменето во последните три години, а претставува 1,3% или околу 1 800 Роми вработени во јавната администрација во 2018 година.** Во однос на распределбата на работните места, 1,4% се на нераководни работни места, 0,2% на раководни работни места и 0,6% се избрани или именувани во јавни институции. Според извештајот на народниот правобранител за правична застапеност, застапеноста на Ромите е најмала во судството и неговите органи, образованието и во општините со помалку од 0,5%.

Според  Агенцијата за вработување, регистрирани се вкупно 8 427 невработени Роми, од кои 48% се жени. Врз основа на нивото на образование, околу 92% од регистрираните невработени лица се без образование или со основно образование, 3% со недовршено средно образование, 4% со средно образование и 0,3% со високо образование. **Квалификациската структура на невработените Роми не е променета во последните 5 години.**

Околу 22% од регистрираните невработени Роми се на возраст од 15-29 години, додека 50% се на над 40 години. **Високиот процент на невработени Роми над 40 години сигнализира дека кај Ромите постои висок сооднос на издржувани лица, што во случај на отсуство на пензија создава дополнителен товар на младите генерации. Околу 32% од регистрираните невработени се долгорочно невработени - невработени повеќе од 2 години, што претставува значаен предизвик за нивната мотивација и учеството на пазарот на трудот.**

Клучните приоритети за Ромите во голема мерка се поврзани со централните приоритети - трансформација на неформалната економија; намалување на невработеноста и зголемување на квалификациите на невработените, како и зголемување на приходите и животниот стандард на населението. Овие клучни приоритети се вклучени во Стратегијата за Ромите, како и во Програмата на Владата, но сепак даваат различни резултати за Ромите и не-Ромите.



# Клучни главни документи и мерки

## Столб 1: Создавање работни места и активација на невработените

**Во рамките на Програмата за економски и социјални реформи на Владата, планирани се околу 64 000 нови работни места со поддршка на активните политики на пазарот на трудот, кои достигнуваат буџет од 22 милиони евра.**[47] Активните политики на пазарот на трудот го стимулираат вработувањето со интервенција на страната на побарувачката на пазарот на труд со поддршка на компаниите да вработуваат повеќе луѓе, но и со интервенцијата во снабдувањето со работна сила со поддршка во форма на обуки со цел да се зголемат вештините на невработените.

### Мерка 1: Активни политики на пазарот на трудот - самовработување, субвенции за плати

**Самовработување**

Во оперативниот план за вработување за 2019 година, во рамките на мерката за самовработување се планира да бидат вклучени 1 484 лица. Мерката опфаќа поддршка во форма на грантови од 4 000 - 10 000 евра, по успешно поминување на обуката и изработка на бизнис план.[48] Ромите се таргетирани како корисници и за прв пат постои исклучок за Ромите кои се охрабруваат да отворат такси компанија или земјоделско производство со поддршка на грант.

**Влијание врз Ромите**

Мерката е директно насочена кон Ромите, а досега во неа се вклучени околу 24 Роми[49]. Критериумите за поминување на обуката и изработка на изводлив бизнис план, а потоа добивање на финансиските средства, се пречка за достигнување на последната фаза од мерката, бидејќи од гледна точка на неформалниот работник ова значи губење на дневниот приход што обесхрабрува многу Роми да издржат до последната фаза. Меѓутоа, со оглед на тоа што мерката поддржува отворање такси компании и конкретно е насочена кон Ромите, ова претставува одлична можност за такси возачите Роми да излезат од неформалниот сектор и да ја формализираат својата дејност. Покрај тоа, ако две или повеќе невработени лица аплицираат заедно и станат партнери во бизнисот, шемата за грантот може да достигне до 10 000 евра. Покрај тоа, новосоздадената компанија може да аплицира и за другите мерки - субвенции за плати, обуки.

47 Влада на Република Македонија, Програма на Владата 2017 - 2020, 2017 година. Достапно на http://bit.ly/2E-wH7zC

48 Министерство за труд и социјална политика, Оперативен план за вработување 2019, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2rLNKLG

49 Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико, Извештај во сенка за спроведувањето на Националната стратегија за 2018, 2019 година.

### Субвенција за плати

Една од мерките за стимулирање на отворање на работни места е мерката за субвенционирање на плати што опфаќа 1 321 невработени лица за 2019 година. Мерката има за цел да ги поддржи компаниите, невладините организации, социјалните претпријатија со субвенционирање на плати до 300 евра за целната група дефинирана како тешко вработливи лица. Поддршката е предвидена за субвенционирање на плати на работниците во тек на 3, 6, 9 месеци, но и дополнителна финансиска поддршка за работодавачот од 9 до 30 месеци.

### Влијание врз Ромите

Мерката е насочена кон невработените Роми, а освен тоа може да ја користат и ромски претприемачи/компании, невладини организации, социјални претпријатија за вработување на Роми. Во 2018 година во мерката беа вклучени околу 35 Роми, што претставува 3% од вкупните корисници.[50] Главниот недостаток на мерката е тоа што им овозможува на работодавачите индивидуално да избираат од листата на невработени лица, така што со текот на годините се покажа дека бројот на Роми вклучени во оваа мерка е мал. Компаниите „пребираат“ и не постои дополнителен систем на стимулации да изберат Роми за вработување.

## Мерка 2: Гаранција за млади

**Мерката Гаранција за млади** започна да се спроведува во 2018 година како пилот проект во три општини, со цел да се поттикне вработувањето на младите или да се зголемат нивните можности за вработување. Мерката е поддржана од ЕУ и посебно има за цел да го намали високиот степен на невработеност кај младите, со обезбедување на **можности за продолжување на образованието, стажирање или обука како мерка за подготовка на младите луѓе за вработување.** Ваквите можности се обезбедуваат за младите 4 месеци по завршувањето на образованието или по пријавувањето како невработено лице во Агенцијата за вработување. Во 2019 година, Владата одлучи програмата Гаранција за млади да се спроведува во сите општини.

### Влијание врз Ромите

Во рамките на програмата Гаранција за млади, младите Роми се особено таргетирани. Во периодот јануари-ноември 2019 година, беа вклучени 1 041 Роми, од кои 519 жени (50%). Од нив, 273 Роми добија понуди за работа, 11 го продолжија образованието, додека останатите добиваат обуки и услуги од Агенцијата за вработување. Мерката има позитивно влијание врз младите Роми и за следната година се планира да вклучи поголем број Роми, особено во мерката што се однесува на завршување на средно образование. Сепак, популацијата на Роми кои се невработени, не посетуваат училиште или обука сè уште не е таргетирана во тековната рамка на Гаранцијата за млади, бидејќи главната одговорност за определувањето, подготовката на мерки (конкурс за основно образование, наставни планови, квалификации и сл.) е на Министерството за образование и наука, што не е вклучено во мерката.

50 Ibid.



## Мерка 3: Закон за социјална заштита

**Една од важните реформи во областа на социјалната заштита е новиот Закон за социјална заштита, каде за прв пат е воведен концептот на гарантирана минимална помош (ГМП), со значителни зголемувања на висината на помошта.** Покрај тоа, воведени се реформи во системот на детски додаток и државна пензија. Целта на реформите беше да се извлечат луѓето од сиромаштија и да се обезбеди сигурна мерка за заштита за семејствата и исто така да се активира населението на пазарот на трудот.

### Влијание врз Ромите

Новиот Закон за социјална заштита има позитивно влијание врз ромското население бидејќи обезбедува сигурна мерка за заштита за семејствата и ги стимулира децата да одат на училиште. Исто така, едно од најголемите влијанија е зголемувањето на активацијата на пазарот на трудот, особено за жените. Сепак, член 40 предвидува дека правото на ГМП престанува ако корисникот два пати последователно одбива мерка од програмата за активни мерки за вработување. Со оглед на фактот дека 92% од невработените Роми се без основно или со основно образование, повеќето од нив имаат право на мерката за јавни работи што долгорочно не придонесува за зголемување на можностите за вработување на Ромите.

## Мерка 4: Измена на Законот за јавна администрација

Вработувањето во државната и јавната администрација е регулирано со Охридскиот рамковен договор со кој се промовира принципот за еднаква застапеност на сите малцинства според податоците од Пописот од 2002 година. Во 2016 година беше усвоена методологија за распределба на работните места во јавната и државната администрација - „Балансер“ со цел да придонесе за постигнување еднаква застапеност на малцинствата во јавната администрација. **Министерот за информатичко општество и администрација најавува дека ќе има измени во Законот за јавна администрација, а предлогот се однесува на укинување на алатката „Балансер“ и нејзина замена со секторско планирање на работните места.**[51]

### Влијание врз Ромите

Новиот Закон за вработување во јавната администрација сè уште не е објавен во јавноста и не постои јасен механизам како ќе се одвива секторското планирање на работните места во државната и јавната администрација. Сепак, се очекува дека со новиот предлог помалите етнички групи ќе имаат придобивки во форма на дополнително вработување бидејќи основата за нивото на вработеност ќе биде поставена на тековната застапеност на етничките групи во јавната и државната администрација. Сепак, условите за ново вработување (положен испит, потврда за познавање на англиски јазик) во администрацијата може да претставуваат пречка бидејќи Ромите честопати не можат да го положат државниот испит.

51 Изјава на Министерот за информатичко општество и администрација (ноември 2019 година). Достапно на: http://bit.ly/34weugh

## Столб 2: Неформална економија

Во 2018 година, Владата усвои стратегија и акциски план за намалување на неформалното вработување, со претставување на низа мерки за формализирање на работните места и таргетирање на недостатоците во деловното опкружување за кои се смета дека ги водат фирмите во неформалност. Самата стратегија е повеќе насочена кон вклучување на мерки што се поврзани со контрола и санкционирање на неформалните работници и компаниите, отколку кон градењето на екосистем за олеснување на преминот од неформална во формална економија. До денес, не е распределен државен буџет за спроведување на стратегијата, што во голема мерка се потпира на фондовите на ЕУ.

### Мерка 1: Систем на ваучери за стимулирање на корисниците на услуги да користат формални понудувачи/услуги

Со цел да се стимулира преминот од неформална кон формална економија, се планира да се воведе систем на ваучери за стимулирање на луѓето да користат формални понудувачи и услуги. **Во рамките на ИПА** (инструмент за предпристапна помош) **програмата за поддршка на Владата на Република Северна Македонија, се планира да се воведе систем на ваучери за услуги за домашна работа со обезбедување договори за вработување со новооснована компанија и да се обезбедат ваучери и даночни олеснувања за лицата кои работат во неформалниот услужен сектор.** Мерката е сè уште во процес на планирање, но треба да започне со спроведувањето на системот на ваучери во 2020 година.

**Влијание врз Ромите**

Иако мерката е сè уште во фаза на планирање, таа треба да обезбеди формализација и стимулација за Ромите кои се занимаваат со чистење и собирање на секундарни отпадни материјали. Мерката треба да се испланира за подолг период и да вклучува менторска поддршка со цел луѓето да ги разберат придобивките од мерката.

### Мерка 2: Почетен капитал од 1 евро за основање на друштво со ограничена одговорност

**Новиот Закон за трговски друштва** воведува нова форма на субјект - поедноставено друштво со ограничена одговорност како мерка за намалување на почетниот капитал од 5 000 евра на 1 евро и стимулирање на формализацијата на неформалните активности. Со новиот закон ќе биде полесно да се регистрира трговско друштво, но од новото друштво се бара да има резерви кои мора да покриваат ¼ (една четвртина) од добивката на друштвото презентирана во годишните финансиски извештаи, намалена за износот на загубата од претходната година.

**Влијание врз Ромите**

Новиот предлог-закон им дава можност на многу ромски неформални работници да регистрираат и основаат ново трговско друштво. Покрај тоа, мерката треба да го стимулира пристапот до финансирање за ромските претприемачи, бидејќи за прв пат ромските претприемачи ќе можат да аплицираат за кредити за претпријатија како правни лица. Според досегашната пракса, како неформални претприемачи дозволено им е да позајмуваат пари од банките само како физичко лице за деловни потреби, меѓутоа за ова услови се построги, а трошоците се повисоки.

### Мерка 3: Закон за социјално претприемништво

Првично, Законот за социјално претприемништво беше планиран уште од 2015 година и досега имаше бројни измени, а законот сè уште не е донесен. Законот предвидува можности за фондации, физички лица и приватни компании да основаат социјални претпријатија со јасна социјална мисија, кои ќе вработуваат социјално ранливи групи и наведува неколку ограничувања за распределување на добивката на социјалното претпријатие. Покрај тоа, обезбедува даночна стимулации, како што се ослободување од плаќање на социјални придонеси, ослободување од данок на добивка и ослободување од данок на додадена вредност.

**Влијание врз Ромите**

Законот предвидува одлична можност непрофитниот сектор да основа социјални претпријатија за Роми, особено за Ромите кои се занимаваат со рециклирање и собирање пластични шишиња. Ќе има позитивно влијание врз Ромите со зголемувањето на вработувањето на Ромите, а покрај тоа и подобри услови за работа, права и мерки за заштита.

## Столб 3: Зголемување на животниот стандард и повисок приход

Една од главните цели на Владата е да го зголеми животниот стандард на луѓето и да ги зголеми приходите на нејзините граѓани. Според тоа, Владата се заложи за намалување на стапката на сиромаштија во земјата, но и за зголемување на платите до ниво на кои ќе ги покриваат трошоците за живот.

### Мерка 1: Минимална плата

Почнувајќи од декември 2019 година, минималната плата ќе се зголеми до ниво на нето плата од 14 500 денари. Новата мерка треба да ја запре практиката на некои компании да даваат плата во плик, особено во трудоинтензивниот сектор. Со новата мерка, вработените ќе добиваат поголема плата, додека за работодавачите државата ќе обезбеди надоместок со обезбедување на субвенции за зголемувањето на платата и дополнителна поддршка со новиот закон за финансиска поддршка.

**Влијание врз Ромите**

Влијанието врз Ромите ќе биде двојно: од една страна, навистина ќе се зголеми платата за Ромите вработени во текстилниот или во другите сектори, при што ќе им се обезбеди поголем приход. Од друга страна, минималната плата ќе ги зголеми трошоците за новоформираните фирми или за претприемачите да ја формализираат својата деловна активност. Ова ќе биде дополнителен товар за неформалните работници и претприемачи, бидејќи трошоците за работна сила ќе се зголемат и ова може да ги демотивира да се формализираат во отсуство на други стимулации.

### Мерка 2: Обезбедување субвенции за зголемување на платите

**Со новиот закон се планира да се стимулираат работодавачите да ја зголемат платата на своите вработени како мерка за да се компензира зголемувањето на минималната плата.** Работодавачот е ослободен од плаќање задолжителни придонеси за социјално осигурување за износот за кој е одобрена субвенцијата. Највисокиот праг за зголемување на платите е до 6000 денари.

**Влијание врз Ромите**

Оваа мерка може да ги стимулира компаниите што ги управуваат Роми да ја зголемат платата на своите вработени. Сепак, мерката е наменета само за зголемување на платата и важи само за основани компании кои работат најмалку 3 месеци. Како таква, мерката не дава стимулации за новооснованите компании и може да има негативен ефект врз формализирањето на неформалните активности на Ромите.

### Мерка 3: Младински додаток

**Со младинскиот додаток, Владата го поттикнува вработувањето на млади лица во производствениот сектор по завршувањето на средното образование.** На овој начин, истовремено придонесува за подобрување на нивниот животен стандард и задоволување на потребите на работодавачите со соодветно квалификувана работна сила. Младинскиот додаток се планира да биде во висина од 3000 денари месечно и ќе им се исплаќа на млади лица до 23 години со најмалку средно образование..

**Влијание врз Ромите**

Имајќи предвид дека најголем дел од невработените Роми се со основно или без основно образование, постои мала веројатност младите Роми веќе регистрирани како невработени да имаат корист од мерката со ново вработување.

## Препораки

За да се вклучат Ромите на пазарот на трудот и да се зголеми нивото на вработеност, треба да се создаде средина со можности на страната на побарувачката за работна сила и на страната на понудата на работна сила, како и да се ослободи потенцијалот за претприемништво на ромската заедница. Во овој поглед, општите политики и мерки кои се поврзани со отворањето на работни места, активација на пазарот на трудот, повисок животен стандард, треба да се ревидираат за да се вклучат Ромите во главните политики. Следниве точки треба да се прилагодат и понатаму да се вклучат во главните политики за да се одрази реалноста на Ромите:

- **Активни политики за пазарот на трудот**

  Оперативната програма за вработување треба да воведе целни вредности или систем на квоти со постепено зголемување на опфатот на Ромите што ќе достигне до 15-20% од Ромите на активниот пазар на трудот, пресметано како учество на Ромите во вкупниот број на корисници. Понатаму, Агенцијата за вработување треба да има проактивна улога во процесот на поврзување на мерките со Ромите и работодавачите. Новиот Закон за социјална заштита дава можност Агенцијата директно да им предлага мерки на невработените Роми, но исто така и да обезбедува дополнителни стимулации во форма на поголеми субвенции или даночни олеснувања за работодавачите кои избираат Роми во рамките на активните мерки.

  Мерката за субвенции за плати дава најдобар ефект на зголемувањето на нивото на вработеност и како таква треба да се стимулира за зголемување на бројот на Роми вклучени во вакви мерки. Исто така, треба да се воведат дополнителни пилот мерки како што е грант шема за социјални претпријатија, стручни обуки, втора можност за образование.

- **Измени на законот за пријавување на невработени**

  Самата активација како што е планирана во новиот Закон за социјална заштита обезбедува ограничени можности за зголемување на квалификациската структура на Ромите, а згора на тоа, мерката за бришење на невработените лица за период од една година доколку го прескокнат пријавувањето како активни или пасивни баратели на работа дополнително придонесува за исклучување на Ромите од пазарот на трудот. Треба да се измени законот за пријавување на невработените лица во Агенцијата за вработување со цел невработените лица да се вклучат на пазарот на трудот и да се овозможи флексибилност во однос на повторното пријавување во евиденцијата на Агенцијата за вработување. Наместо да се бришат и да се исклучат невработените лица од пазарот на трудот во период од една година (во повеќето случаи Роми одбиени баратели на азил), системот за вработување треба да обезбеди друга можност за повторно вклучување на пазарот на трудот..

- **Измени на програмата Гаранција за млади**

  Во рамките на програмата Гаранција за млади, нема мерки за таргетирање на групата на лица кои се невработени и не посетуваат училиште или обука. Ромите сочинуваат голем дел од оваа група и поради тоа Министерството за образование и наука во соработка со граѓанските универзитети и Министерството за труд и социјална политика треба да создаде можности како што се обезбедување на втора можност за образование, усвојување на Рамка за квалификации за неформално образование во цел да се признаат вештините и способностите на сите.

- **Измена на законот за вработување во јавниот сектор**

  Новиот модел за вработување во јавната администрација треба да биде транспарентен и да го вклучи граѓанскиот сектор. Основната линија за сите етнички малцинства треба да се ажурира и застапеноста на Ромите треба да се заштити во комисијата за обезбедување еднаква застапеност во јавната и државната администрација. Исто така, постојните Роми вработени во администрацијата треба да бидат унапредени на раководни места во јавната администрација.

- **Неформална економија и претприемништво**

  Пристапот за формализација на неформалните работници треба да биде постепен пристап со лесно разбирливи постапки кои ќе ги поттикнат Ромите да излезат од сивата зона. Во овој поглед, Владата треба да донесе Закон за социјално претприемништво и да воведе конкретни даночни олеснувања и грантови за поддршка на социјалните претпријатија. Покрај тоа, бидејќи голем дел од Ромите немаат познавања за административното ниво на управување со компанијата, треба да се формираат бизнис инкубатори или менторски центри со цел да ѝ се помогне на деловната администрација на новооснованите компании.

  За да го поддржи растот на микро претприемачите, владата треба да ја зголеми поддршката преку програмите за грантови во рамки на активните политики на пазарот на трудот (АППР), но и да го олесни пристапот до финансии во форма на субвенционирање на каматната стапка.

- **Зголемување на животниот стандард и повисок приход**

  Иако минималната плата има позитивни ефекти во однос на обезбедувањето на поголеми приходи за населението, од гледна точка на самовработувањето, истата ги зголемува трошоците за водење на бизнисот. Мерката им наметнува дополнителен товар на неформалните работници и малите претприемачи и ги демотивира да преминат во формалниот сектор. Затоа, Законот за минимална плата треба да се измени и да не важи за новоформираните друштва барем една година.

  Слично на младинскиот додаток, Владата може да воведе мерка за стимулирање на долгорочно невработените лица и жените, со цел активно да ги вклучи на пазарот на трудот. Ваквите мерки исто така ќе вклучуваат и Роми и дополнително ќе ги мотивираат невработените лица да се пријават во Агенцијата за вработување. Исто така, младинскиот додаток не треба да биде поврзан со нивото на образование, бидејќи има слоеви на населението кои немаат завршено средно образование, но работат во производствениот сектор.



# ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА ЗДРАВСТВО

Постојат многу меѓународни резолуции и документи кои го гарантираат правото на здравје. Здравствената заштита е призната како основно право во многу земји во нивните домашни законодавства, како и меѓународните документи, како што е **Уставот на Светската здравствена организација** која го признава стандардот на здравјето како основно право на секое човечко суштество и **Универзалната декларација на човекови права** во која во член 25 е истакнато правото на здравје и благосостојба како и правото на осигурување во случај на невработеност, болест, немоќ, вдовство, старост или други случаи на губење на средства за издржување поради околности независни од неговата волја“.

Согласно **Уставот на Република Северна Македонија, здравствената заштита е загарантирана со член 39.** Законот за здравствена заштита им гарантира на сите граѓани квалитетна здравствена заштита со почитување на нивните морални, културни, верски и филозофски верувања, исто така, гарантира право на информации кои се неопходни за одржување на здравјето на поединецот. Од осамостојувањето, земјата наследи голем и веќе воспоставен систем на здравствена заштита кој се состои од 14 сектори со цел регулирање и организирање на нивната работа. **Системот за здравствена заштита во Република Северна Македонија се карактеризира со ограничена географска и финансиска пристапност, квалификуван персонал, добра контрола на заразни болести и скоро целосна покриеност на населението со програма за имунизација.**

**Здравствената состојба на населението е слична како и во другите земји од Југоисточна Европа, но заостанува зад земјите на ЕУ.** Сепак, здравствениот сектор се соочува со повеќе предизвици поврзани со подобрувањето на здравствената состојба на населението, основниот пакет на здравствени услуги, испораката на здравствени услуги, јавното здравје, планирањето, управувањето и развојот на човечките ресурси, обезбедувањето на квалитет, финансирањето на здравството и обезбедувањето одржлив систем на здравствена заштита.

Контекстот поврзан со здравјето на Ромите во Република Северна Македонија во голема мерка зависи од недостатокот на здравствено образование и информации, ограничениот пристап до здравствени услуги и дискриминацијата во давањето на услугите. Како последица на критичните социо-економски услови за живот, овие ограничувања заедно со останатите пречки што ги оптоваруваат, Ромите покажуваат незадоволително ниво на здравје. Ромите се во понеповолна положба во споредба со не-Ромите. **Ромите имаат значително помал животен век во однос на не-Ромите (што се движи од 10 - 20 години), повисоки стапки на смртност кај новороденчињата за 25% во споредба со другите и поголема зачестеност на хронични заболувања. Покрај тоа, услугите што ги добиваат Ромите се обично со понизок квалитет од услугите што се нудат за општата популација.**

Во последните три години, буџетот наменет за Ромите од страна на Министерството за здравство останува ист (3,2 милиони денари). Процентот на реализација на средствата наменети за Ромите е 55%, што изнесува приближно 1,7 милиони денари. Средства кои се добиваат преку програмата за поддршка на спроведувањето на Стратегијата за Ромите. Овие средства се генерално наменети за поддршка на ромските здравствени медијатори, кои се препознаваат како посредници меѓу ромската заедница и здравствениот сектор. **Една од најранливите и најмаргинализираните групи се жените Ромки. Тие подлежат на двојна дискриминација на родова основа и етничка основа. Покрај дискриминацијата, жените Ромки се соочуваат и со физички и финансиски пречки во пристапот до здравствени услуги. Поради живеење во населби, кои претежно се исклучени од пристап до здравствените установи, жените Ромки се ограничени во добивањето на услуги. Така, многу жени Ромки не добиваат здравствена едукација и не се запознаени со своите права.**

Постојат многу приоритети кога станува збор за здравјето на Ромите, но врз основа на контекстот, клучните определени приоритети за Ромите се следниве: пристап до здравство и пристап до лекови. Поточно, пристап до здравствено осигурување, дискриминација, пристап до информации и услуги и набавка на лекови.

**Пристап до здравство**

- **Здравствено осигурување**

  **Опфатот на здравствено осигурување кај Ромите е скоро најдобар во регионот, според известувањето на институциите и невладини организации.**[52] Според извештајот: Ромите во Република Северна Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравството, 94% од Ромите имаат здравствено осигурување, додека генералниот опфат е приближно 97%.[53] Клучна причина за ограничениот опфат на Ромите со здравствено осигурување е недостаток на лична документација. **Луѓето без документација не се дел од здравствениот, ниту од кој било друг систем.** Тие не ги уживаат основните човекови права и услуги заради правно невидливиот статус во земјата. Освен луѓето без документација, постојат и други причини што создаваат пречки Ромите да добијат здравствено осигурување, како што е ниското ниво на здравствена писменост, недостаток на точни статистички податоци, финансиски бариери и т.н.

- **Дискриминација**

  Дискриминацијата е еден од главните фактори за социјална исклученост и лошо здравје на Ромите. Културните разлики често создаваат судири и пречки во здравствениот сектор. Ова резултира со пониско ниво на здравствени услуги за Ромите и нечувствителни здравствени работници во институциите. Имајќи го ова во предвид, Ромите имаат помалку доверба во здравствените работници и услугите, додека здравствените работници со своето однесување негираат постоење на дискриминација во здравствениот сектор. Според податоците од Народниот правобранител во текот на 2018 година, имало 20 претставки поднесени од Роми во областа на здравствената заштита. Во 2017 година

52 УНИЦЕФ, Инклузија на сите Роми во системот на здравствено осигурување, 2016 година.

53 Андреа Спиталски, Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравството. ИСБН на Британската библиотека 978-1-912938-03-2, 2018.

имало вкупно 35 претставки.[54] Сепак, овие податоци се однесуваат на бројот на претставки, но не и на утврдени случаи на дискриминација, т.е. случаи во кои се повредени здравствени и социјални права, затоа што нема такви податоци. Сепак, **дискриминацијата и понатаму останува структурна и институционална пречка што влијае на повеќето Роми во земјата.**

- **Пристап до информации и услуги**

  Здравствените институции се свесни дека честите измени и дополнувања на законската регулатива, неправилното спроведување на законодавството, несоодветното и ненавремено информирање на Ромите за промените во процесот на остварување на нивното право, како и сложените административни процедури се само дел од проблемите со кои Ромите обично се соочуваат во пристапот до правото на здравствени услуги. Во кварталниот извештај на Министерството за здравство за 2018 година е наведено дека биле ангажирани вкупно 12 медијатори, од кои 8 жени и 4 мажи.[55] Здравствените медијатори Роми се дел од програма за ангажирање на Ромите како посредници помеѓу заедницата и здравствените институции. Тие се фокусираат на широк спектар на поддршка, но главно на обезбедувањето на здравствени услуги за ромската заедница, лична документација, здравствено осигурување, имунизација и социјална заштита. Медијаторите работат во 8 општини кои опфаќаат различни географски области во земјата.  Сепак, институциите и невладините организации известуваат дека потребата за пошироко покривање на земјата е задолжителна заради довербата што ја стекнаа кај ромската заедница. Заедницата ги препознава медијаторите како луѓе на кои може да им се обратат за да пристапат до услуги и информации поврзани со нивната здравствена состојба.

**Пристап до лекови**

- **Лекови без партиципација**

  И покрај постоењето на сиромаштија во ромската заедница, проблемот со достапните лекови ја усложнува целокупната здравствена состојба на Ромите. Ромите немаат редовни финансиски средства, додека стапката на невработеност е висока, така што честопати добивањето на лекови за хронични заболувања или други болести е ограничено. Ромите честопати се соочуваат со предизвици кога купуваат лекови кои се на позитивната листа во аптеките кои се во близина на ромската заедница. Голем дел од невладините организации кои работат на полето на здравството известуваат дека само 13,6% од Ромите можат да добијат лекови од позитивната листа на Фондот за здравство, во споредба со не-Ромите чиј вкупен процент изнесува 38,3%. Во случаи кога Ромите не можат да го набават лекот навреме или пак лекот е скап, тие бараат алтернативен лек што може да се набави „на рецепт“, што значи бесплатно, за да не се подложат на медицински третман, што ја продлабочува нивната агонија. Затоа е неопходно да се олеснат начините за добивање на потребните лекови, пред сé во однос на плаќањето. Сепак, лековите и понатаму остануваат ограничени за сите граѓани, а се трошат на основа „прв дојден, прв услужен“.

54 Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико, Инклузија на Ромите по Декадата на Ромите - Тековна состојба и предизвици, За потребата од народниот правобранител, 2018 година.

55 Алберт Мемети, Елвис Шаќири и Марија Сулејманова, Извештај во сенка за спроведувањето на стратегијата за Ромите во Северна Македонија, Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико 2018.



## Клучни главни документи и утврдување на мерките

Програма на Владата 2017 - 2020 година, Стратегија за здравство на Република Северна Македонија -2020 година, Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2009 - 2019 година, Предлог на закон за лица без лични документи, Закон за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување, Закон за заштита на пациентите.

### Мерка 1: Укинување на партиципациите за болничко лекување и пристап до лекови

Според стратешките приоритети на Владата во Програмата на Владата, квалитетот на здравствената заштита е една од најважните сфери во фокусот на актуелната власт.[56] Покрај тоа, Владата, како дел од своите заложби, веднаш ќе ги започне подготовките за воведување на бесплатно болничко лекување за сите здравствени осигуреници.[57] Значи, **Владата ќе предложи да се укинат партиципациите за болничко лекување.**

Исто така, во Програмата на Владата стои предлог достапноста на лековите да не претставува никаков проблем. Дури и по 15-ти секој месец, препишаните лекови да може да се најдат во аптеките. Владата ќе создаде систем за справување со злоупотребата на лековите и рецептите, така што квотите ќе ја задоволуваа потребата. Во овој документ, Владата исто така се фокусира и на спречувањето на одливот на медицинскиот персонал од јавното здравство. Се предвидува зголемување на платите во здравството. Владата исто така ќе се бори против стапката на морбидитет, попречености и предвремена смртност предизвикани од најчестите хронични незаразни заболувања и ќе осигури пристап до гинеколог за секоја жена во земјата.

**Влијание врз Ромите**

Овие мерки предвидени од страна на Владата во Програмата за периодот 2017 - 2020 година имаат влијание врз здравствената состојба на Ромите. Заложбата за бесплатно болничко лекување за сите здравствени осигуреници нуди користи за осигурените Роми. Ослободувањето од трошоците може да гарантира дека Ромите ќе бараат болничко лекување, знаејќи дека услугата ќе биде бесплатна. Покрај тоа, достапноста на лековите има влијание и врз Ромите, како и врз сите граѓани на земјата. Достапноста на лековите беше утврдена како огромен проблем за пациентите, а ова е случај и со Ромите, особено за

56 Влада на Република Северна Македонија, Квалитет на здравството, 2019. Достапно на: http://bit.ly/38QTnsl

57 Ibid.

лицата без редовни приходи. Значи, лековите може да се купат во кое било време во текот на еден месец. Владата, исто така, го разбира феноменот на миграцијата и има намера да го задржи медицинскиот персонал во земјата. Ова влијае на Ромите затоа што голем дел од ромскиот медицински персонал и ромските здравствени медијатори можат да стапат во редовен работен однос. Покрај тоа, Владата разбира дека стапката на морбидитет е алармантна и дека исто така е проблем и предвремената смртност предизвикана од најчестите хронични незаразни болести. Ромите имаат најголема стапка на морбидитет кај децата, а исто така и нивниот просечен животен век е помал отколку кај не-Ромите. Со оглед на тоа што Владата се зафати со решавање на овие проблеми, влијанието ќе биде видливо и кај ромската заедница. Заложбата да се обезбеди пристап до гинеколог за секоја жена, исто така, влијае на здравствената состојба на жените Ромки, како резултат на утврдениот недостаток на пристап до гинеколошки услуги за жените Ромки.

## Мерка 2 - Стратегија за здравство на Република Северна Македонија - 2020 година

Стратегијата е усвоена во 2007 година со визија за постигнување на целите до 2020 година. Постојат околу 21 цели кои се карактеризираат со мерка на главната политика и кои се однесуваат на здравствената состојба на населението во земјата. Меѓу многуте мерки, постојат мерки што можат да влијаат врз ромското население во земјата. Меѓу целите што треба да се исполнат до 2020 година се целта за подобро здравје и здрав почеток во животот за новороденчињата, доенчињата и децата од предучилишна возраст, уживање на целосниот здравствен потенцијал и активна социјална улога на старите лица и намалување на морбидитетот и предвремениот морталитет заради поголеми хронични заболувања.

### Влијание врз Ромите

Иако многу од мерките предвидени во оваа стратегија беа со рок до 2010 година, само неколку останаа со рок до 2020 година. Мерките за 2010 година е тешко да се измерат особено за влијанието врз Ромите заради недостаток на точни сегрегирани податоци во системот за здравствена заштита. Што се однесува до мерките со рок до 2020 година, влијание врз Ромите имаат мерките за подобро здравје и здрав почеток во животот за новороденчињата, доенчињата и децата од предучилишна возраст, уживање на целосниот здравствен потенцијал и активна социјална улога на старите лица и намалување на морбидитетот и предвремениот морталитет заради поголеми хронични заболувања. Влијанието врз Ромите се очекува да ги опфати најранливите групи во заедницата со справување со морбидитетот кај новороденчињата и обезбедување на целосен здравствен потенцијал за старите лица.

## Мерка 3 - Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2009 - 2019 година

Еден од приоритетите во Стратегијата за регионален развој 2009 - 2019 година[58] е зголемувањето на нивото на социјален развој на планските региони. Во рамки на овој приоритет, една од наведените специфични мерки е обезбедување на целосна покриеност

58 Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 - 2019 година, Службен весник на РМ, бр. 119 од 30.09.2009..



со здравствено осигурување на населението.[59] Во документот исто така е предвидено и подобрување на пристапот и квалитетот на примарната грижа за новороденчињата и малите деца и подобрување на пристапот до примарната грижа и нејзиниот квалитет за постарите лица. Покрај тоа, Владата планира да ја ревидира примарната здравствена заштита на населението во согласност со демографските промени во регионите/општините за да се обезбеди покриеност на целата територија на земјата.[60] Последната мерка што Владата планира да ја спроведе е подобрување на квалитетот на животот во помалите општини и руралните области со обезбедување на поголема покриеност со здравствени и социјални услуги, како и културни настани.

### Влијание врз Ромите

Иако земјата има висока покриеност со здравствено осигурување, Ромите сè уште заостануваат зад процентот на не-Ромите. Овој документ треба да влијае на Ромите и да обезбеди целосна покриеност со здравственото осигурување на Ромите. Подобрувањето на пристапот и квалитетот на примарната здравствена заштита за доенчињата, малите деца и старите лица исто така ќе влијае и врз Ромите затоа што најранливите групи во заедницата се доенчињата, малите деца и постарите Роми. Морбидитетот кај новороденчињата е највисок кај Ромите, додека животниот век на Ромите е најкраток, така што оваа иницијатива за подобрување на пристапот до примарната здравствена заштита и нејзиниот квалитет ќе доведе до подобрување на животот на Ромите. Процесот на преструктуирање на здравствената заштита во согласност со населението во општините е потребен и влијае на Ромите затоа што нивниот пристап до здравствени услуги е ограничен, а инвестирањето во помалите заедници може да осигури Ромите да имаат здравствени услуги во близина.

## Мерка 4 - Предлог закон за неевидентирани лица во матична книга на родени

Министерството за труд и социјална политика предложи закон со кој ќе се регулира статусот на луѓето без лична документација. Владата го утврди Предлог-законот за неевидентирани лица во матична книга на родени и ќе го предложи на усвојување во Собранието на Република Северна Македонија.[61] Целта на овој закон е **да се осигури дека лицата без лични документи ќе имаат посебен граѓански статус заради остварување на правото на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување во согласност со закон.** Овој закон неодамна беше предложен од невладините организации заедно со Министерството за труд и социјална политика.[62] Ова нема да биде конечно решение за овие луѓе, туку само чекор напред кон нивна интеграција во системот. Се очекува Владата да најде решение како да се справи со сите случаи, што се приближно 650 лица според доказите собрани од страна на ромските невладини организации.[63]

59 Ibid.

60 Ibid.

61 Влада на Република Северна Македонија, 164 седница на Владата - заклучоци, 2019 година. Достапно на: http://bit.ly/2Z3PXxS

62 Ibid.

63 Околу 650 „фантоми“ живеат во Македонија - MKD.mk. Достапно на: http://bit.ly/2Z3ritx

**Влијание врз Ромите**

Ако Собранието го донесе овој закон, тогаш истиот ќе има огромно влијание на Ромите во однос на услугите поврзани со вработувањето, здравствената заштита, образованието и социјалното осигурување. Така, оваа целна група ќе има можност да се вклучи во системите и да има здравствено осигурување и здравствени услуги. Ромските невладини организации утврдија дека околу 90% од ваквите лица се со ромско потекло. Иако овие случаи имаат различна природа и треба да се користат различни методи за справување со нив, невладините организации и Министерството остануваат цврсти на ставот за целосна интеграција на оваа група. По усвојувањето на овој закон, стапката на здравствено осигурување на Ромите ќе се зголеми, ќе се зголеми бројот на имунизирани деца Роми, ќе се обезбедат здравствени услуги за оваа група и истата ќе може да добива лекови.

## Мерка 5 - Закон за здравствена заштита

Овој закон е еден од основните закони во здравствениот систем. Законот гарантира дека здравствениот систем е целосно функционален и регулиран на централно и локално ниво. Иако многу од членовите на законот можат да придонесат за здравствената состојба на Ромите во земјата, има неколку членови кои се однесуваат на клучните приоритети утврдени во овој документ. **Член 3,** Право на здравствена заштита, **член 9,** Начело на правичност, **член 10,** Начело на сеопфатност, **член 16,** Обезбедување на остварувањето на загарантираните права, утврдени потреби и интереси од страна на Република Северна Македонија[64]. Овие членови се загарантирани со Законот за здравствена заштита, а нивното целосно спроведување може да има огромно влијание врз здравствената состојба на Ромите.

**Влијание врз Ромите**

Со примената на овој закон и почитувањето на сите членови на законот може да се обезбеди подобра состојба на здравјето на Ромите. Горенаведените членови меѓу многуте од законот се утврдени како членови што можат да влијаат врз здравјето на Ромите доколку се почитуваат од страна на институциите. Членот за правото на здравствена заштита предвидува дека „Секој има право на здравствена заштита и обврска да се грижи и да го чува и унапредува своето здравје во согласност со овој и друг закон“.[65] Член 9 е утврден како еден од најважните што се однесува до Ромите. Начелото на правичност е многу важно, особено во справувањето со дискриминацијата и антициганизмот. Овој член забранува дискриминација при укажувањето на здравствената заштита по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психичка или телесна попреченост.[66] Доколку овој член се почитува, Ромите не би биле толку често заедница кон која е насочена дискриминацијата. Тие ќе уживаат ист третман како и сите други пациенти и ќе се зголеми нивната доверба во здравствените институции. Покрај тоа, член 10 е исто така во согласност со претходниот член. Овој член предвидува вклучување на секој поединец во системот на здравствената заштита, со цел да се обезбедат и промовираат здравствени услуги на сите нивоа за сите граѓани во земјата. Член 16 и остварувањето на загарантираните права исто така треба да се почитува ако се очекува влијание врз здравјето на Ромите, особено кога станува збор за довербата на Ромите во институциите, услугите што можат да ги спречат здравствените состојби и да го заштитат здравјето.

64 Закон за здравствена заштита, Службен весник на РМ, бр. 37/16

65 Ibid.

66 Ibid.



## Мерка 6 - Закон за здравствено осигурување

Овој закон исто така се смета за еден од главните закони со кои се уредува статусот на граѓаните и нивното здравствено осигурување, видовите осигурување, основните здравствени услуги и напредните здравствени услуги, како и правата и обврските на осигурените граѓани.[67] Во овој закон, исто како и многу закони што одговараат на потребите на Ромите, има неколку членови што се важни за Ромите во земјата. **Во Законот за здравствено осигурување, во член 2, се вели дека здравственото осигурување е задолжително за сите граѓани на земјата.[68]** Покрај член 2, член 5, член 9 и член 9а ги регулираат основните здравствени услуги за осигуреното население.[69]

**Влијание врз Ромите**

Имајќи предвид дека Ромите се заедница со пониско ниво на здравствено осигурување, спроведувањето на овој закон може да осигури дека Ромите ќе имаат здравствено осигурување. Горенаведените членови, меѓу многуте во законот, се утврдени како членови што можат да влијаат врз здравјето на Ромите доколку се почитуваат од страна на институциите. Во член 2 стои дека здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно. Задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон. Овој член може да влијае на Ромите затоа што на задолжително здравствено осигурување имаат право сите граѓани, што исто така ги вклучува и Ромите. Членот 5 од овој закон ги објаснува сите профили што можат да бидат осигурени. Во содржината на овој член се опфатени скоро сите можни профили на Роми кои живеат во земјата. Според тоа, Ромите честопати немаат информации кога станува збор за здравственото осигурување. Членовите 9 и 9а се членови во кои се опишуваат видовите здравствени услуги што им се даваат на задолжителните осигуреници. Овие членови опфаќаат и многу услуги од кои Ромите се лишени или пак треба да ги платат. Ако здравствените работници ги почитуваат Ромите како осигурени клиенти, тогаш услугите предвидени со овој закон ќе бидат обезбедени и за Ромите.

67 Закон за здравствено осигурување, Службен весник на РМ, бр.. 142/16.

68 Ibid.

69 Ibid.

### Мерка 7 - Закон за заштита на пациентите

Со овој закон се уредуваат заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита, должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и Фондот за здравствено осигурување во унапредувањето и заштитата на правата на пациентите, постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот.[70] **Овој закон е од големо значење за Ромите затоа што ги објаснува можностите што ги имаат пациентите кога нивните права не се почитуваат.** Меѓу многуте членови, најважните членови што се од интерес на Ромите се член 2, член 3, кои ги опфаќаат начелата на заштита на правата на пациентите, член 5 и член 6 го опфаќаат правото на пациентот на учество во одлучувањето, член 31 ги опфаќа должностите на здравствените установи и здравствените работници и соработниците и член 39 се однесува на Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината.

**Влијание врз Ромите**

Овој закон содржи многу корисни информации како за здравствените работници, така и за ромската заедница. Главно, овој закон може да има влијание врз Ромите во однос на нивниот пристап до информации, услугите за здравствена заштита, правата и обврските на пациентите. Во членовите 2 и 3 се дадени детални информации за заштитата на правата на пациентот, чија цел е да се обезбеди квалитетна и континуирана здравствена заштита согласно актуелните достигнувања во здравството и медицината, во рамките на системот за здравствена заштита и здравствено осигурување, во согласност со индивидуалните потреби на пациентот. Во член 5 и 6 се дадени понатамошни информации за правата на пациентот предвидени со овој Закон без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, социјално потекло, припадност на малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус. Овој член е важен бидејќи дискриминацијата е забранета со овој закон, а Ромите се честопати дискриминирани. Во член 31 и 32 се објаснети должностите на здравствените институции и здравствените работници и соработници. Во овие членови се дадени информации дека здравствената установа е должна на пациентите да им обезбеди услови за остварување на правата уредени во овој закон. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување на пациентот и забранета е дискриминација на пациентот. Овие членови експлицитно покажуваат дека дискриминацијата е забранета и дека не е дозволено понижувачко однесување. Доколку се почитуваат овие одредби, Ромите ќе ги посетуваат здравствените установи и ќе бараат здравствени услуги. Здравствените установи и здравствените работници треба да бидат почувствителни кон пациентите и да го прифатат фактот дека секој пациент е важен.

70 Закон за заштита на пациентите, Службен весник на РМ, бр. 150/15.



# Препораки

Со цел да се има целосно функционално и интегрирано општество, како и здравствен систем, Владата и соодветните здравствени институции треба да ги разгледаат следниве препораки.

- Релевантните институции треба да применат санкции за здравствените работници кои постапуваат нееднакво кога обезбедуваат здравствени услуги на Роми и не-Роми. Ова ќе го зголеми нивото на доверба кај Ромите и односот меѓу професионалците кон ранливите и маргинализираните категории на население.
- Имајќи предвид дека еден од клучните утврдени проблеми за Ромите е дискриминацијата во здравствениот систем, Република Северна Македонија треба да ги санкционира здравствените работници кои не ги третираат еднакво сите при обезбедувањето на здравствени услуги за Роми и не-Роми. На овој начин ќе се зголеми довербата кај заедницата и професионалниот однос кон ранливите и маргинализираните лица.
- Како што е утврдено погоре, помеѓу Ромите најмногу страдаат лицата без лична документација. Привремените решенија не обезбедија целосно уживање на здравствените права, така што се очекува да се донесат нормативни акти за обезбедување здравствено осигурување на лицата без лична документација со новиот предлог-закон подготвен од МТСП.
- Како успешен резултат во здравствениот систем, ромските здравствени медијатори се најдоброто решение за поврзување со заедницата. Иако станува збор за услуги засновани на проект, Владата треба да ја систематизира и прошири програмата за ромските здравствени медијатори и во другите градови.
- Поради тоа што е утврдено дека отсуствува следење и евалуација на мерките поврзани со Ромите, нема податоци и не може да се утврди напредокот. Владата треба да ги издвои податоците за Ромите со цел да постави основа и да ја следи состојбата на Ромите, како и да го следи напредокот на индикаторите и мерките.
- Како што е предвидено со горенаведените закони, Владата заедно со Министерството за здравство и другите засегнати страни мора да обезбедат целосно почитување на законите за да се обезбеди подобрување на здравствената состојба на Ромите во земјата.

# БИБЛИОГРАФИЈА


АЕКОМ, Извештај за социјалното мапирање, 2019 година.

Алберт Мемети, Елвис Шаќири и Марија Сулејманова, Извештај во сенка за спроведувањето на стратегијата за Ромите во 2018, 2019 година.

Андреа Спиталски, Ромите во Република Македонија: Предизвици и нееднаквости во домувањето, образованието и здравството, 2019 година.

Устав на Република Македонија, Службен весник 52/1991.

Декларација на партнери од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамките на процесот на проширување на ЕУ, 2019 година.

Џенифер Џеладин и Кристина Дода „Сегрегација на ученици Роми во основните училишта во Република Македонија“, Институт за човекови права и Европски центар за права на Ромите, 2016 година.

Европска комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ), Извештај на ЕКРИ за Поранешната Југословенска Република Македонија (петти циклус на следење): Усвоен на 18 март 2016 година, 7 јуни 2016 година.

Европска комисија, Квартален економски преглед за земјите-кандидатки и потенцијални кандидатки за ЕУ, 2019 година.

Европска комисија, Извештај на ЕУ за напредокот на Северна Македонија за 2018 година, 2019 година.

Институт за европска политика, Предизвиците на Ромите повратници во Македонија, 2018 година.

Институт за европска политика, Нерамниот пат на Западен Балкан кон интеграција во ЕУ, 2016 година.

Фондација Секретариадо Гитано, Како да се вклучи инклузијата на Ромите во општите програми, проекти и интервенции, 2019 година.

Влада на Република Македонија, Програма на Владата 2017 - 2020 година.

Владата на Република Северна Македонија, Програма за економски реформи, 2019 година.

Влада на Република Северна Македонија, Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2009 - 2019 година, 2019 година.

Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико, Извештај во сенка за спроведувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија за 2017, 2018 година.

Закон за здравствена заштита, Службен весник на РМ, бр. 37/16.

Закон за здравствено осигурување, Службен весник на РМ, бр. 142/16.

Закон за домување, Службен весник на РМ, бр. 99/2009.

Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Службен весник на РМ, бр. 23/2011.

Закон за заштита на пациентите, Службен весник на РМ, бр. 150/15.

Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник 101/2019.

Закон за основно образование, Указ на Претседателот на Република Северна Македонија 08 - 4389/1, 2019 година.

Закон за средно образование, консолидиран текст, Службен весник 44/1995.

Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за образование 2014-2020 година.

Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за вработување 2014-2020 година.

Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за здравство 2014-2020 година.

Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за домување 2014-2020 година.

Министерство за образование и наука, Стратегија за образование и акциски план 2018-2025, 2018 година.

Министерство за финансии, Програма за економски реформи 2019-2021, Структурни реформи, 2019 година.

Министерство за труд и социјална политика, Оперативен план за вработување 2019, 2019 година.

Министерство за транспорт и врски, Стратешки план, 2019 година.

Национална стратегија за одржлив развој 2009 - 2030 година.

Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието: Северна Македонија, Прегледи на ОЕСР за евалуацијата и оценувањето во образованието, 2019 година.

Народен правобранител на Република Македонија, „Информација за состојбата со запишувањето на Ромите во прво одделение и нивното распоредување по паралелки меѓу учениците од друга етничка припадност во учебната 2014/2015 година“, 2015 година.

Народен правобранител, Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико, Инклузијата на Ромите по Декадата на Ромите - Тековна состојба и предизвици, 2018 година.

Совет за регионална соработка: Интеграција на Ромите 2020, Патокази 2019-2021, 2019 година.

Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 - 2019 година, Службен весник на РМ, бр. 119 од 30.09.2009 година.

Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020 година. Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, 2019 година.

Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, 2019 година.



УНДП и Светска банка, Ромите на прв поглед - Поранешна Југословенска Република Македонија, 2018 година.

УНИЦЕФ, Инклузија на сите Роми во системот на здравствено осигурување, 2016 година.

Обединетите Нации, Универзална декларација за човекови права 1948 година.

Жаклина Дурмиш, Александар Митановски, Фондација Отворено општество – Македонија, Децата Роми повратници од странство и нивното уставно загарантирано право на образование: Игнорирање или соочување со проблемот со нивното повторно вклучување во образованието!?, 2016 година.

Powered by RCC.

ROMA INTEGRATION

Regional Cooperation Council

**Roma Integration Action Team Office**

Ruzveltova 61, 11000 Belgrade, Serbia
T: +381 (11) 4046 891 F: +381 (11) 4046 894

rcc.int/romaintegration2020 RomaIntegration2020 RomaIntegration

---

RegionalCooperationCouncil

**Regional Cooperation Council Secretariat**

Trg Bosne i Hercegovine 1/V
71000 Sarajevo, Bosnia and Herzegovina
T +387 33 561 700 F +387 33 561 701 E rcc@rcc.int

rcc.int RegionalCooperationCouncil rcc.int RCCSec

RegionalCooperationCouncil

Co-funded by
the European Union

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS